ЗЕЛС
BNJVL

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЈУЛИ / ОКТОМВРИ 2020
KORRIK / TETOR 2020



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**-ЗЕЛС**

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**-BNJVL**



Почитувани,

Зголемување на блок дотацијата за образование за 30% и обезбедување на флексибилност во изборот на моделот што ќе го користи секое училиште во согласност со општината, беа дел од ставовите што Комисијата за образование при ЗЕЛС ги утврди на седницата одржана во месец август, а кои потоа беа доставени до Министерството за образование, Комисијата за заразни болести и Владата на РСМ. Истите ставови беа изнесени и на средбата што се одржа на почетокот на септември, меѓу градоначалниците и министерката за образование и наука, на која беа презентирани и насоките на МОН за успешно стартување на новата учебна година во услови на пандемија со вирусот КОВИД -19.

Всушност, поголемиот дел од настаните што во изминатиов период ги организираше ЗЕЛС опфаќаа активности поврзани со справувањето на локалните власти во услови на оваа криза. Во таа насока и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините иницираше седница што се одржа во просториите на ЗЕЛС, на која беше констатирано дека кризата предизвика финансиско исцрпување на општините. Присутните утврдија одредени предлог–решенија што беа разгледани од Управниот одбор на ЗЕЛС. Управниот одбор констатира дека во услови на пандемија општините имаат зголемени расходи за справување со кризата, а од друга страна имаат драстично намалување на сопствените приходи, додека централната власт во четирите сета на мерки речиси и воопшто не обезбеди поддршка за нив. Беше предложено дека е неопходно да се иницираат буџетски преговори на локалната власт со Владата на РСМ, а до Владата беше испратена и иницијативата за укинување или за зголемување на сегашниот лимит за задолжување на општините пред домашните и странските банки. На седницата беше поканет министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски, кој ги информираше присутните за новиот Предлог- закон за постапување со бесправно изградени објекти, што во изминатиов период го иницираше ЗЕЛС, а кој се наоѓа во собраниска процедура.

ЗЕЛС реализираше и низа други активности, меѓу кои за поддршка на општините во воспоставувањето на мерки за родова еднаквост, како неопходен дел од секоја општинска програма и буџет. Беше обезбедено членовите на Лоби групата за родова еднаквост на ЗЕЛС да се запознаат со предлог-решенијата за изработка на нов Закон за еднакви можности. Општините Илинден и Штип потпишаа меморандум за соработка и ќе бидат пилот општините од нашата земја во регионалниот проект „Управување со отпад од стаклена амбалажа во Западен Балкан". Во овој период беа реализирани испити за стекнување со лиценца за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште. За овие и други активности на ЗЕЛС ќе прочитате во следните страници на Гласилото, што во услови на пандемија го подготвуваме само во електронска форма.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Rritja e bllok dotacioneve për arsim 30% dhe sigurimi i fleksibilitetit në zgjedhjen e modelit që e shfrytëzon çdo shkollë në pajtueshmëri me komunën, ishin pjesë e qëndrimeve që Komisioni për arsim në kuadër të BNJVL-së e përcaktoi në seancën e mbajtur në muajin gusht, ndërsa të cilat pastaj u parashtruan në Ministrinë për arsim, Komisionin për sëmundje ngjitëse dhe Qeverinë e RMV. Qëndrimet e njëjta u parashtruan edhe në takimin që u mbajt në fillim të shtatorit, midis kryetarëve të komunave dhe ministres për arsim dhe shkencë, që u prezantuan edhe drejtimet e MASH për një fillim të suksesshëm të vitit shkollor në kushte të pandemisë me virusin KOVID -19.

Në të vërtetë, pjesa më e madhe e ngjarjeve që në periudhën e kaluar e organizoi BNJVL përfshin aktivitete lidhur me menaxhimin e pushteteve lokale në kushte të kësaj krize. Në këtë drejtim edhe Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit për financim të komunave inicioi seancë që u mbajt në hapësirat e BNJVL-së, në të cilën u konstatua se kriza ka shkaktuar shterje financiare të komunave. Të pranishmit përcaktuan propozim-zgjidhje që u shqyrtuan nga Bordi drejtues i BNJVL-së. Bordi drejtues konstatoi se në kushte të pandemisë, komunat kanë të dala të rritura për menaxhimin me krizën, nga ana tjetër kanë rënie drastike të të hyrave personale, me ç'rast pushteti qendror në katër grupet e masave po thuaj se aspak nuk ka siguruar përkrahje për to. U propozua se është e domosdoshme të iniciohen bisedime të pushtetit lokal me Qeverinë e RMV, ndërsa në Qeveri u dërgua edhe iniciativë për abrogimin ose rritjen e limitit të tanishëm për marrje borxh të komunave nga bankat vendore ose të huaja. Në seancë u ftua ministri për transport dhe lidhje, Bllagoj Boçvarski, i cili informoi të pranishmit për Propozim-Ligjin për veprim me ndërtimet e ndërtuara pa leje, që në periudhën e kaluar e inicioi BNJVL, ndërsa që gjendet në procedurë parlamentare.

BNJVL realizoi edhe aktivitete tjera, midis të cilave për përkrahjen e komunave në vendosjen e masave për barazi gjinore, si pjesë e domosdoshme e çdo programi dhe buxheti komunal. U sigurua që anëtarët e Grupit të lobimit për barazi gjinore të BNJVL-së, të informohen me propozim-zgjidhjet për hartimin e Ligjit për mundësi të barabarta. Komunat Ilinden dhe Shtip firmosën memorandum për bashkëpunim dhe do të jenë pilot komuna nga vendi jonë në projektin rajonal ,,Menaxhim me mbeturinat me ambalazh qelqi në Ballkanin Perëndimor". Në këtë periudhë u realizuan provime për marrjen e licencës për mbajtjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore shtetërore. Për këto dhe aktivitete tjera të BNJVL-së do të lexoni në faqet në vijim të Gazetës, që në kushte të pandemisë e përpiluam vetëm në formë elektronike.

Me respekt,

Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal SHPKNJP, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

# ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ ОД ШЕСНАЕСЕТ ОПШТИНИ ИЗРАЗИЈА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ПОДДРШКА ПРИ ФОРМИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИ COVID ЦЕНТРИ

На барање на Министерството за здравство, на 10 јули, 2020 година, преку електронска платформа беше одржан состанок на претставници од ова министерство со градоначалниците на општините: Гевгелија, Куманово, Прилеп, Кавадарци, Струмица, Кичево, Дебар, Гостивар, Струга, Кочани, Охрид, Велес, Тетово, Штип, Битола и Ресен. Комисијата за заразни болести и министерот за здравство, со цел да го подготват здравствениот систем за справување со коронавирусот, при евентуален нов есенски бран на криза предлагаат формирање на регионални COVID центри во градовите каде веќе постојат општи болници и здравствени домови во кои би можело да се аплицира систем на монтажни модули, односно мобилни болници.

Градоначалниците го поддржаа ваквиот предлог, укажувајќи дека и досега максимално се вклучени во сузбивањето на здравствената криза и поддршката на граѓаните. Тие изразија подготвеност да помогнат и во изнаоѓањето на најсоодветните локации, доколку тоа не може да се реализира во кругот на општата болница (како што се слободни училишта, интернати, хотели и слично), при што побараа да им бидат обезбедени дополнителни насоки, планови за проширување на здравствените капаците или предлог модели со технички спецификации за условите кои треба да ги има локацијата (пристапни влезови и излези, лифтови, дотур на вода, третирање на отпадот и слично). Со помош на јавните комунални претпријатија ќе се погрижат локацијата да се доведе во соодветна состојба за да може да се постави монтажната болница, при што посочија на потреба за поддршка од државата за евентуално ,олеснување при реализација на правните процедури за поставување на вакви времени објекти.

## Потребно навремено информирање на општинските кризни штабови за епидемиолошката состојба

Градоначалниците, исто така, ги изнесоа предизвиците со кои се соочувале во изминатиот период, како при справувањето со кризата, така и во комуникацијата со Министерството за здравство и со Комисијата за заразни болести, поради што побараа во овој период да се изработат потребни протоколи за одредени постапки што ќе треба општината да ги презема. Стана збор и за дезинфекцијата што се врши на јавни површини и установи, односно каде, како и дали воопшто треба да ја врши општината, потоа за поддршката

# KRYETARËT E GJASHTËMBËDHJETË KOMUNAVE SHPREHËN NJË GATISHMËRI PËR PËRKRAHJE GJATË FORMIMIT TË COVID QENDRAVE RAJONALE

Me kërkesë të Ministrisë së Shëndetësisë, më 10 korrik 2020, përmes platformës elektronike u mbajt një takim i përfaqësuesve të kësaj ministrie me kryetarët e komunave të Gjevgjelisë, Kumanovës, Prilepit, Kavadarit, Strumicës, Kërçovës, Dibrës, Gostivarit, Strugës, Koçanit, Ohrit, Velesit, Tetovës, Shtipit, Manastirit dhe Resnjës. Komisioni i sëmundjeve infektive dhe Ministri i Shëndetësisë, me qëllim që ta përgatisin sistemin e shëndetësisë për të ballafaquar me virusin korona, në rast se ka një valë të re eventuale pranverore, propozojnë formimin e COVID qendrave rajonale në qytetet ku tashmë ekzistojnë spitale të përgjithshme dhe shtëpi të shëndetit në të cilat do të mund të aplikohej sistemi i moduleve të montimit, përkatësisht spitale mobile.

Kryetarët e komunave përkrahën propozimin e këtillë duke theksuar se edhe deri më tani ata janë përfshirë maksimalisht në ballafaqimin e krizës shëndetësore dhe përkrahjen e qytetarëve. Ata shprehën gatishmëri të ndihmojnë edhe në gjetjen e lokacioneve më të përshtatshme, nëse ajo gjë nuk mund të realizohet në rrethin e spitalit të përgjithshëm (siç janë shkollat e lira, internatet, hotelet dhe e ngjashme) me ç'rast kërkuan të sigurohen drejtime shtesë, plane për zgjerim të kapaciteteve shëndetësore ose propozim masa me specifikime teknike për kushtet që duhet t'i ketë lokacioni (hyrje dhe dalje qasëse, ashensorë, furnizim uji, trajtim i mbeturinave dhe e ngjashme). Me ndihmë të ndërmarrjeve komunale publike do të kujdesen që lokacioni të jetë në një gjendje përkatëse që të mund të vendoset spitali i montuar, me ç'rast theksuan nevojën për mbështetjen e shtetit për "lehtësim" eventual gjatë realizimit të procedurave juridike për vendosjen e objekteve të këtilla të përkohshme.

## Është i nevojshëm informim në kohë i shtabeve komunale të krizës lidhur me gjendjen epidemiologjike

Kryetarët e komunave theksuan gjithashtu sfidat me të cilat janë ballafaquar në periudhën e kaluar, si gjatë ballafaqimit të krizës, ashtu edhe në komunikimin me Ministrinë e Shëndetësisë dhe me Komisionin e sëmundjeve infektive dhe për këtë arsye kërkuan që në këtë periudhë të përgatiten protokollet e nevojshme për procedura të caktuara q do të duhet t'i ndërmarrë komuna. U bë fjalë edhe për dezinfektimin që kryhet në sipërfaqe dhe institucione publike, gjegjësisht se ku, si dhe nëse fare atë duhet ta kryejë komuna, pastaj







со заштитни маски и други помагала што локалната власт ги обезбедува за граѓаните, но и за здравствените установи. Беше нагласена потребата за соодветно и навремено информирање на општинските кризни штабови за состојбата на епидемиолошката карта на општината и слично. На состанокот беше истакнато дека одредени општини се соочуваат со исцрпени локални буџети, токму заради реализација на низа активности од оваа област и дека во иднина може да се очекува тоа да преставува сериозна пречка за активностите на локалната власт во насока на превенција и заштита од вирусот.

Од Министерството за здравство се заблагодарија за добиената поддршка од локалната власт и градоначалниците. Тие најавија дека на 13 јули, 2020 година ќе организираат состанок со директорите на болниците во овие градови од каде ќе добијат дополнителна слика за здравствените капацитети и техничките потреби и дека соработката мора да продолжи во насока на што поподготвено превенирање на евентуален, позасилен бран од оваа епидемиолошка криза, во следниот период.

për përkrahjen me maskat mbrojtëse dhe mjetet e tjera ndihmëse që i siguron pushteti lokal për qytetarët, por edhe për institucionet shëndetësore. U theksua nevoja për informimin përkatës dhe me kohë të shtabeve komunave të krizës për gjendjen e hartës epidemiologjike të komunës dhe e ngjashme. Gjithashtu në takim u theksua se buxhetet e komunave të caktuara janë të harxhuara pikërisht për shkak të aktiviteteve të kësaj sfere dhe se në të ardhmen mund të pritet që ajo të jetë një pengesë serioze për aktivitetet e pushtetit lokal në drejtim të parandalimit dhe mbrojtjes së virusit.

Nga Ministria e Shëndetësisë u falënderuan për mbështetjen e fituar nga pushteti lokal dhe kryetarët e komunave. Ata paralajmëruan se më 13 korrik 2020 do të organizojnë takim me drejtorët e spitaleve në këto qytete, prej nga do të fitojnë një pasqyrë shtesë për kapacitetet shëndetësore dhe nevojat teknike dhe se bashkëpunimi patjetër duhet të vazhdojë në drejtim të një parandalimi më të përgatitur të valës eventuale, më të fortë të kësaj krize epidemiologjike në periudhën e ardhshme.

## ОПШТИНИТЕ БАРААТ ФЛЕКСИБИЛНОСТ ВО ИЗБОРОТ НА МОДЕЛ ЗА НАСТАВА ВО УЧИЛИШТАТА

Комисијата за образование при ЗЕЛС на 11 август, 2020 година, ја одржа третата седница на која беа разгледани предлог - протоколите за одвивање на процесот на наставата во училиштата во услови на пандемија со вирусот COVID – 19, што ги подготви Министерството за образование и наука (МОН), во соработка со Комисијата за заразни болести. Членовите на Комисијата за образование при ЗЕЛС донесоа одредени заклучоци и тие беа доставени до МОН и до Владата на РСМ. Во овие заклучоци беа инкорпорирани и ставовите на општините, доставени по електронски пат. Присутните изразија незадоволство од односот на МОН кон локалните власти, заради невклучувањето на претставници од ЗЕЛС во процесот на креирањето на протоколите.

Членовите на Комисијата ја нагласија комплексноста на целиот процес на изнаоѓање на најсоодветен начин за поквалитетно спроведување на наставниот процес од една страна и безбедно одвивање на наставата од здравствен аспект, односно преземање на сите превентивни мерки за минимизирање на опасностите за зараза на учениците и наставниците. Комплексноста е резултат на специфичностите што ги имаат различни општини, како и различни подрачја во самата општина, тргнувајќи од степенот на зараженост на населението, до запазувањето на потребните технички предуслови на училиштата за организирање на настава. Беше истакнато дека во поголемиот број на рурални средини нема заразени, а и бројот на ученици во паралелка е помал, па изведувањето на наставата според првиот модел (со физичко присуство на учениците) е реално решение. Од друга страна, има училишта со голем број на ученици, каде децата учат во две, па и во три смени, што значи дека ќе биде отежнато спроведувањето на протоколите за потребна дистанца, мерење температура, соодветна дезинфекција и слично. Овде, одвивањето на наставата би било поефикасно да се реализира според вториот или третиот модел.

## KOMUNAT KËRKOJNË FLEKSIBILITET NË ZGJEDHJEN E MODELIT TË PROCESIT MËSIMOR NË SHKOLLË

Komisioni për arsim në kuadër të BNJVL-së, më 11 gusht, 2020, mbajtën seancën e tretë në të cilën u shqyrtuan propozim-protokollet për zhvillimin e procesit mësimor në shkollat në kushte pandemie me virusin COVID – 19, që i përgatiti Ministria për arsim dhe shkencë (MASH) në bashkëpunim me Komisionin për sëmundje ngjitëse. Anëtarët e Komisionit për arsim në kuadër të BNJVL-së, miratuan konkluzione të caktuara dhe të njëjtat u parashtruan në MASH dhe Qeverinë e RMV. Në këto konkluzione të caktuara u inkorporuan edhe qëndrimet e komunave, të parashtruara në mënyrë elektronike. Të pranishmit u shprehën të pakënaqur nga raporti i MASH ndaj pushteteve lokale, për shkak të mos përfshirjes së përfaqësuesve nga BNJVL në procesin e krijimit të protokolleve.

Anëtarët e Komisionit theksuan kompleksitetin e mbarë procesit të gjetjes së mënyrës më adekuate për zbatimin më cilësor të procesit mësimor nga njëra anë dhe nga zhvillimi i sigurte i mësimit nga aspekti shëndetësor, respektivisht ndërmarrja e të gjitha masave preventive për minimizimin e rrezikut të infektimit të nxënësve dhe mësimdhënësve. Kompleksiteti është rezultat të specifikës që kanë komunat e ndryshme por edhe rajonet në vetë komunën, duke u nisur nga shkalla e infektimit të popullatës, deri te kujdesi për nevojat për parakushtet e nevojshme teknike në shkollë për organizimin e mësimit. U përmend se në një numër të madh të mjediseve rurale, nuk ka të infektuar, ndërsa numri i të infektuarve është më i vogël, prandaj zhvillimi i mësimit në bazë të modelit të parë (me prezencën fizike të nxënësve) është zgjidhje reale. Nga ana tjetër ka shkolla me një numër të madh të nxënësve, ku fëmijët mësojnë në dy, por edhe tre ndërrime, që do të thotë që do të thotë do të jetë i vështirë zbatimi i protokolleve për distancën e nevojshme, matja e temperaturës, dezinfektimi adekuat etj. Këtu, zhvillimi i mësimit do të ishte më efikas të realizohet sipas modelit të dytë dhe të tretë.

## Редуцираниот превоз на учениците -дуплирани трошоци за општината

Се отвори и прашањето за почитување на протоколите при превоз на учениците, особено за средношколците кои доаѓаат од другите општини или од руралните делови на општината. Во тој случај, општината ќе ги дуплира трошоците за обезбедување на превоз. Посочени беа и предизвиците со времетраењето на процедурите за јавни набавки (промена на планот за јавна набавка, како и самата постапка за јавна набавка), соочувањето со недостаток на автобуси кај превозниците и слично. Слични предизвици општините ќе имаат и при спроведувањето на јавните набавки на други потребни средства, како што се хигиенски и заштитни средства.

Искуствата од досегашната настава во услови на пандемија покажаа недостатоци и кај онлајн наставата, кога поголем број деца немаа можност да го следат наставниот процес поради неможност на нивните семејства да набават компјутер, еден компјутер за цело семејство со повеќе деца, наставници кои немаат доволно компјутерски вештини, потоа слаби интернет конекции и слично.

## Ставови на Комисијата за образование при ЗЕЛС

Во таа насока, Комисијата ги донесе следниве ставови кои беа упатени до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Северна Македонија:

**1. БЛОК ДОТАЦИЈАТА** за образование утврдена на почетокот на учебната 2019 /2020 година (не најновата, која е скратена) **ДА СЕ ЗГОЛЕМИ ЗА НАЈМАЛКУ 30%**. На овој начин, општините не би трпеле поголеми финансиски задолжувања, како резултат на имплементирање на пропишаните протоколи за: обезбедување на соодветно растојание во училницата; протоколи за транспорт на учениците, за обезбедување на средства за дезинфекција и друг потрошен материјал за одржување на хигиената; топломери; маски; обезбедување на замена на наставниот кадар и слично.

**2.** Од страна на МОН да се понудат повеќе модели со јасно прецизирани можности за прилагодување ( потмодели) за **да се овозможи ФЛЕКСИБИЛНОСТ ВО ИЗБОРОТ на моделот што ќе го користи секое училиште ВО ДОГОВОР СО ОПШТИНАТА**, а што ќе биде утврден во согласност со спецификите што ги има училиштето (тргнувајќи од степенот на зараза на тоа подрачје, број на ученици во паралелка, просторни услови, транспорт на ученици, интернет конекции, социјален статус на учениците, расположлив број на наставен кадар поради користење на владините мерки или евентуална зараза и слично).

**3.** МОН да утврди и предложи олеснети процедури во услови на потреба за итно и неодложно ангажирање на наставен кадар. Притоа, да се стави акцент и на предметите за кои и онака наставниот кадар е дефицитарен. Ова е од причина што при итно и неодложно ангажирање, наставникот по 3 месеци не може повторно да се ангажира. Исто така,




## Transporti i reduktuar i nxënësve – shpenzime të dyfishuara për komunat

U hap edhe çështja për respektimin e protokolleve gjatë transportit të nxënësve, respektivisht për nxënësit e shkollës së mesme të cilët vijnë nga komunat tjera ose nga vendet rurale të komunave. Në këtë rast, komuna do të dyfishojë shpenzimet për sigurimin e transportit. U përmendën edhe sfidat me kohëzgjatjen e procedurave për furnizime publike (ndryshimi i planit për furnizime publike, si dhe vetë procedura për furnizim publik), ballafaqimi me mungesën e autobusëve te transportuesit etj. Sfida të ngjashme, komunat do të kenë edhe gjatë zbatimit të furnizimeve publike të mjeteve tjera të nevojshme siç janë mjetet higjienike dhe mbrojtëse.

Përvojat nga procesi mësimor i tanishëm, në kushte të pandemiës treguan mangësi nga mësimi online, kur një numër më i madh i nxënësve nuk kanë mundësi të ndjekin procesin për shkak të pamundësisë të familjeve të tyre të furnizohen me kompjuter, një kompjuter për tërë familjen me më shumë fëmijë, mësimdhënësit të cilët nuk kanë aftësi të mjaftueshme kompjuterike, pastaj lidhjet e dobëta të internetit etj.

## Qëndrimet e Komisionit për arsim në kuadër të BNJVL-së

Në këtë drejtim Komisioni miratoi këto qëndrime të ardhshme të cilat do të dërgohen në Ministrinë për arsim dhe shkencë dhe në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut:

**1. BLLOK DOTACIONE** për arsim të përcaktuar në fillim të vitit shkollor 2019 /2020 (jo më e reja që ekziston, që është e shkurtuar) **TË RRITET PËR SË PAKU 30%** . në këtë mënyrë komunat nuk do të toleronin borxhe më të mëdha, si rezultat i implementimit të protokolleve për: sigurimin e distancës në klasë; protokolle për transportin e nxënësve, për sigurimin e mjeteve për dezinfektim dhe material tjetër shpenzues për mirëmbajtjen e higjienës; termometra, maska, sigurim të kuadrit mësimdhënës etj.

**2.** Nga ana e MASH të ofrojnë më shumë modele me mundësi të qarta të precizuara për përshtatjen (nën-modelet) **për të mundësuar FLEKSIBILITET NË ZGJEDHJEN e modelit që do të shfrytëzojë çdo shkollë NË MARRËVESHJE ME KOMUNËN**, që do të përcaktohet konform specifikave që do t'i ketë shkolla (duke u nisur nga shkalla e infektimit të rajonit, numri i nxënësve në atë paralele, kushtet hapësinore, transporti i nxënësve, lidhjet e internetit statusi social i nxënësve, numri i disponueshëm i kuadrit mësimdhënës, për shkak të shfrytëzimit të masave qeveritare ose infektim eventual etj.

**3.** MASH të përcaktojë dhe propozojë procedura lehtësuese në kushte kur ka nevojë urgjente dhe pa anulim të kuadrit mësimdhënës. Pastaj të vendoset theks edhe në lëndët për të cilat edhe ashtu kuadri mësimor është deficitar. Kjo është për shkak të angazhimit urgjent që mësimdhënësi, pas 3 muajsh të mund që sërish të angazhohet. Gjithashtu, komunat edhe për të sapo

општината и за новоангажираниот и за болниот наставник црпе средства од ист извор. Предизвици има и во самиот процес на ангажирање на ваков итен кадар. Затоа е потребно **ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРИТЕ и ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКА ОСНОВА за нивно спроведување.**

## ПРЕДЛОЗИ ОД СОВЕТНИЦИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

Претседателите на советите на 24 партнерски општини на проектот „Зајакнување на општинските совети" од УНДП, а во имплементација на ЗЕЛС и други партнерски организации од земјава, како и советниците од тематската работна група за јавни дејности во локалната самоуправа, што е во рамките на овој проект, на 2 септември, 2020 година одржаа онлајн состанок. На состанокот се дискутираше за актуелни теми во областа на образованието и вршењето на други надлежностите на општинските совети во делот на јавните дејности, во услови на пандемијата со Ковид -19. Пред присутните беа презентирани заклучоците од состанокот на Комисијата за образование при ЗЕЛС, што се доставени до Министерството за образование, Владата на РСМ и Комисијата за здравство, при што советниците отворија и повеќе прашања за предизвиците со кои се соочуваат општините од оваа област.

Претставничката од Општина Шуто Оризари, Рамиза Сакип, истакна дека општината спровела анкета кај учениците и наставниците за можностите за спроведувањето на онлајн наставата, која го потврдила големиот недостаток на електронски уреди и постоењето или слаба интернет конекција за следење и спроведување на наставниот процес. По пат на одредени донации и од сопствени средства, општината и досега обезбедила поголем број на вакви уреди, но ни од далеку не се задоволени реалните потреби, ако се има предвид социјалната состојба на многу семејства од оваа општина. Беше побарано итно да се вклучи централната власт во обезбедувањето на соодветна поддршка за оваа намена. Претседателот на Советот на Општина Чаир, Захир Бектеши, пак, укажа на потребата од законски измени во делот на начинот на пресметување на блок дотацијата за образование за општините, како и за нерамномерната распределба на учениците во паралелките во некои училишта. Во некои општини се случува да има паралелки со по 40 ученици, што е во спротивност со законот, а некаде да има по 10-15 ученици. Ахмед Ќазими, раководител на Секторот за јавни дејности во Општина Тетово, исто така упати забелешки за начинот на пресметување на блок дотацијата за образование, посочувајќи на постоењето на „балансери" што со намалување на бројот на ученици од 5% предизвикуваат значително да се намали и износот на дотацијата.

Од средбата произлегоа одредени заклучоци и препораки, меѓу кои: потребата за обезбедување на дополнителни средства и услови во училиштата за спроведување на онлајн настава; МОН да подготви повеќе сценарија за одвивање на

angazhuarit është edhe për arsimtarin ,,e sëmurë", shter mjete nga burimi i njëjtë. Sfida ka edhe në vetë procesin e angazhimit të një kuadri të tillë urgjent. Prandaj është e nevojshme **LEHTËSIM I PROCEDURAVE DHE SIGURIM TË BAZËS LIGJORE për zbatim urgjent të tyre.**

## PROPOZIMET E KËSHILLTARËVE PËR MENAXHIM ME SFIDAT NË ARSIM NË KUSHTET E PANDEMISË

Kryetarët e këshillave të 24 komunave partnere të projektit ,,Përforcim i këshillave komunale" nga UNDP, ndërsa në implementim të BNJVL-së dhe organizatave tjera partnere nga vendi, si dhe këshilltarëve nga grupi punues tematik mbi veprimtarinë publike në kuadër të vetëqeverisjes lokale, që është pjesë e projektit në fjalë, më 2 shtator 2020, mbajtën mbledhje onlajn. Në mbledhje u diskutua për temat aktuale në lëminë e arsimit dhe kryerjes së kompetencave tjera të këshillave komunale në pjesën e veprimtarive publike në kushte të pandemisë KOVID-19. Para të pranishmëve u prezantuan konkluzionet nga mbledhja e Komisionit për arsim në kuadër të BNJVL-së, që janë parashtruar në Ministrinë për arsim, Qeverinë e RMV dhe Komisioni për shëndetësi, me ç'rast këshilltarët hapën edhe shumë çështje mbi sfidat me të cilat ballafaqohen komunat nga kjo lëmi.

Përfaqësuesja e komunës Shuto Orizare, Ramiza Sakip theksoi se komuna ka zbatuar sondazh te nxënësit dhe mësimdhënësit për mundësitë për realizim të mësimit onlajn, që e ka vërtetuar mungesën e madhe të aparateve elektronike dhe ekzistimin e lidhjes së dobët të internetit për ndjekjen dhe zbatimin e procesit mësimor. Në mënyrë të donacioneve të caktuara dhe nga mjetet personale, komuna edhe deri më tani ka siguruar aparate të këtilla por se aspak nuk janë kënaqur nevojat reale, nëse merret parasysh gjendja sociale e shumë familjeve nga kjo komunë. U kërkua që urgjentisht të përfshihet pushteti qendror në sigurimin e përkrahjes adekuate për këtë dedikim. Kryetari i këshillit të komunës së Çairit, Zahir Bekteshi, përmend nevojën e ndryshimeve ligjore në pjesën e mënyrës së kalkulimit të bllok dotacioneve për arsim për komunat, si dhe për ndarjen jo të barabartë të nxënësve në paralelet në disa shkolla. Në disa shkolla ndodh të ketë nga 40 paralele, që është në kundërshtim me Ligjin, ndërsa diku ka nga 10-15 nxënës. Amed Qazimi, udhëheqës o Sektorit për veprimtari publike në komunën e Tetovës, gjithashtu dërgoi vërejtje mbi mënyrën e kalkulimit të bllok dotacioneve për arsim, duke përmendur ekzistimin e ,,balancuesve" që me zvogëlimin e numrit të nxënësve prej 5% shkaktojnë dukshëm të zvogëlohet edhe shuma e dotacionit.

Nga takimi rrodhën konkluzione dhe rekomandime të caktuara: midis të cilave nevoja për sigurimin e mjeteve plotësuese për mësimin onlajn; MASH të përgatisë më shumë skenarë për zhvillimin e

наставата во услови на пандемија; да се олеснат процедурите за ангажирање на дефицитарните кадри за спроведување на наставата; како и да се иницираат промени на формулата за пресметка на блок дотациите за образование.

procesit mësimor në kushte pandemie; të lehtësohen procedurat për angazhim të kuadrove deficitare për realizimin e mësimit; si dhe të iniciojnë ndryshime të formulës për kalkulim të bllok dotacioneve për arsim.

## СО ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА МЕЃУ ЦЕНТРАЛНАТА И ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ СЕ ПРАВАТ НАПОРИ ЗА БЕЗБЕДНО ЗАПОЧНУВАЊЕ НА НОВАТА ШКОЛСКА ГОДИНА

„Зголемување на блок дотацијата за образованието за 30%: обезбедување на флексибилност во изборот на моделот што ќе го користи секое училиште во согласност со општината и утврдување на законски олеснети процедури за спроведување на постапките за итно и неодложно ангажирање на наставниот и на техничкиот кадар во училиштата, се главните ставовите што претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, во името на сите единици на локална власт ги изнесе во Клубот на пратеници во Скопје, на координативниот состанок што се одржа на 4 септември, 2020 година меѓу градоначалниците и министерската за образование и наука, Мила Царовска. Целта на овој состанок, што го организираше МОН, со поддршка на ЗЕЛС, беше да се утврдат и да се разрешат сите предизвици со кои се соочуваат локалните власти при обезбедувањето на техничките услови за успешно стартување на новата учебна година, на 1 октомври, 2020 година, во услови на пандемија со вирусот КОВИД -19.

### Општините соочени со низа предизвици за спроведување на протоколите

Поделени во две групи, во согласност со протоколите за јавни собири во услови на пандемија, градоначалниците упатија одредени конкретни прашања до министерската Царовска и ја претставија реалната слика со која се соочуваат општините при извршувањето на оваа надлежност. Генерално, најголемиот предизвик е недостатокот на финансиски средства за реализација на низата мерки и протоколи што треба да се запазат за да се реализира безбедна настава. Се слеваат помалку финансиски средства во општините од ДДВ; општината собира помалку средства од локалните такси, особено заради поддршката што во континуитет им ја дава на стопанствениците; од месец април, намалени се средствата од блок дотациите за образование; општините трошат дополнителни финансиски средства за дезинфекција на јавни објекти и површини и слично. Беше укажано дека локалните власти се соочуваат со краток временски период за спроведување на ребаланс на буџетот, како и за спроведување на постапките за јавни набавки за дезинфекциони средства, превоз на децата, интернет услуги, набавка на ИТ опрема и слично. Беше нагласен недостатокот на наставен кадар, поради користење на владините мерки или поради зараженост; недостатокот на технички кадар за одржување на хигиена во училиштата и потреба за зголемен број на редари во училиштата. Обезбедувањето на бесплатен превозот на учениците, исто така ќе предизвика трошење на дополнителни средства заради намалениот број на ученици што ќе се возат во еден автобус, а наставата во две

## ME BASHKËPUNIM TË PËRBASHKËT MIDIS PUSHTETIT QENDROR DHE ATIJ LOKAL BËHEN PËRPJEKJE PËR FILLIM TË SIGURT TË VITIT TË RI SHKOLLOR

"Rritja e bllok dotacionit për arsim për 30%, sigurimi i fleksibilitetit në zgjedhjen e modelit që do ta përdorë çdo shkollë në përputhje me komunën dhe përcaktimi i procedurave të lehtësuara me ligj për zbatim të procedurave për angazhim urgjent dhe të menjëhershëm të stafit mësimor dhe teknik në shkolla, janë qëndrimet kryesore të cilat i prezantoi kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, në emër të të gjitha njësive të pushtetit lokal në Klubin e deputetëve në Shkup, në mbledhjen koordinuese që u mbajt më 04 shtator 2020 ndërmjet kryetarëve të komunave dhe ministres së arsimit dhe shkencës, Milla Carovska. Qëllimi i kësaj mbledhjeje, që e organizoi MASH-i, me mbështetje të BNJVL-së, ishte të përcaktoheshin dhe të zgjidheshin të gjitha sfidat me të cilat ballafaqohen autoritetet lokale në sigurimin e kushteve teknike për fillim të suksesshëm të vitit të ri shkollor, më 01 tetor 2020, në kushte të pandemisë me virusin COVID-19.

### Komunat e ballafaquara me një varf sfidash për zbatimin e protokolleve

Të ndarë në dy grupe, në përputhje me protokollet për tubime publike në kushte të pandemisë, kryetarët e komunave drejtuan pyetje të caktuara konkrete për ministren Carovska dhe prezantuan gjendjen reale me të cilën ballafaqohen komunat gjatë kryerjes së kësaj kompetence. Komunat inkasohen më pak mjete financiare nga TVSH-ja; komuna mbledh më pak mjete nga taksat lokale, sidomos për shkak të mbështetjes që ua jep biznesmenëve në vazhdimësi; nga muaji prill janë zvogëluar mjetet nga bllok dotacionet për arsim; në periudhën e kaluar komunat shpenzojnë financa shtesë për shkak të pandemisë për të siguruar mjete për dezinfektim të objekteve dhe sipërfaqeve publike, etj. Gjithashtu u theksua se autoritetet lokale ballafaqohen me një periudhë të shkurtër kohore për të zbatuar rebalancin e buxhetit, si dhe për t'i zbatuar procedurat e furnizimeve publike për mjetet e dezinfektimit, transportin e fëmijëve, shërbimet e internetit, furnizimin e pajisjeve të IT-së dhe kështu me radhë. U theksua edhe gjendja me stafin e mësimdhënësve që përdorin masa qeveritare ose kanë ndonjë sëmundje; mungesa e kuadrove teknike për mirëmbajtjen e kushteve higjienike në shkolla dhe nevoja e rritjes së numrit të rojeve në shkolla. Sigurimi i transportit falas të nxënësve, gjithashtu do të shkaktojë një shpenzim shtesë të mjeteve për shkak të numrit të zvogëluar të nxënësve që do të voziten në një autobus, ndërsa puna në dy ndërrime do të shkaktojë një shpenzim më të madh të energjisë elektrike ose resurseve të tjera për ngrohje

смени ќе доведе до зголемено користење на електрична енергија или други ресурси за затоплување на училниците. Во однос на одржувањето на онлајн настава, беше посочено дека и во рамките на една општина не може да се обезбеди квалитетен и безбеден интернет, потоа дека постојната ИТ опрема во многу училишта треба да се обнови, но и да се дополни; дека на голем број деца од социјалните категории треба да им се обезбедат компјутери за да можат за следат настава; дека дел од наставниот кадар не најдобро се снаоѓа со користењето на ИТ технологијата за што им се потребни дополнителни обуки, но и потреба од физичко присуство на најмалку едно ИТ лице, кое ќе им помага на наставниците. Некои од градоначалниците укажаа и на мерките за користење на училишните кујни, но и на потребата од континуирано присуство на здравствени работници кои би вршеле еден вид инспекторирање или поддршка на наставниот и на техничкиот кадар во спроведувањето на протоколите за заштита на здравјето на децата.

## Настава со физичко присуство задолжително за учениците до трето одделение

Министерката Мила Царовска изрази голем оптимизам дека во овој период од неполни триесетина дена, со заеднички напори меѓу централната и локалната власт ќе се обезбедат сите потребни предуслови, учениците да започнат со настава на утврдениот датум. Поточно, таа нагласи дека ова ќе претставува одлична можност за сите учесници во овој процес да дадат сè од себе и да обезбедат наставата да се реализира на потребното ниво, во услови кои пред сè ќе го штитат здравјето на децата и на наставниците. Во таа насока, присутните беа информирани за мерките што ги презема МОН, во чии рамки е донесената Националната платформа за учење од далечина; протоколите за постапување на основните училишта за реализација на наставата со физичко присуство на учениците, алгоритамот за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми на КОВИД - 19; подготвувањето на онлајн платформата за спроведување на настава од далечина; започнатите обуки на

të mësonjëtoreve. Lidhur me mbajtjen e mësimit përmes internetit, u theksua se në kuadër të një komune nuk mund të sigurohet një internet cilësor dhe të sigurt, pastaj se pajisjet ekzistuese të IT-së në shumë shkolla duhet të ripërtëriten, por edhe të blihen pajisje të tjera shtesë; se duhet të sigurohen kompjuterë për shumë fëmijë të kategorive sociale që të mund ta ndjekin mësimin; se një pjesë e stafit të mësimdhënësve nuk gjendet më së miri në përdorimin e teknologjisë së IT-së dhe për këtë arsye ata kanë nevojë për trajnime shtesë, por edhe se nevojitet prania fizike e të paktën një personi të IT-së, i cili do t'i ndihmojë mësimdhënësit për zhvillimin e pandërprerë të mësimit përmes internetit. Disa nga kryetarët e komunave theksuan edhe masat për përdorim të kuzhinave shkollore, por edhe nevojën për prani të vazhdueshme të punëtorëve shëndetësorë të cilët do të kryenin një lloj inspektimi ose mbështetjeje të kuadrove mësimore ose teknike në zbatimin e protokolleve për mbrojtjen e shëndetit të fëmijëve.

## Mësimi me prezencë fizike, i obliguar për nxënësit deri në klasë të tretë

Të ndarë në dy grupe, në përputhje me protokollet për tubime publike në kushte të pandemisë, kryetarët e komunave drejtuan pyetje të caktuara konkrete për ministren Carovska dhe prezantuan gjendjen reale me të cilën ballafaqohen komunat gjatë kryerjes së kësaj kompetence. Në përgjithësi, sfida më e madhe me të cilën ballafaqohen komunat është mungesa e mjeteve financiare për realizimin e një sëre masash dhe protokollesh që duhet të respektohen për të realizuar një proces i sigurt mësimi, duke marrë parasysh se pandemia ka shkaktuar një goditje serioze "ekonomike" edhe për pushtetin lokal. Komunat inkasohen më pak mjete financiare nga TVSH-ja; komuna mbledh më pak mjete nga taksat lokale, sidomos për shkak të mbështetjes që ua jep biznesmenëve në vazhdimësi; nga muaji prill janë zvogëluar mjetet nga bllok dotacionet për arsim; në periudhën e kaluar komunat shpenzojnë financa shtesë për shkak të pandemisë për të siguruar mjete për dezinfektim të objekteve dhe sipërfaqeve publike, etj.













дел од наставниците за користење на оваа платформа и слично. Во согласност и со едно од барањата на ЗЕЛС за обезбедување на поголема флексибилност на општините во изборот на спроведувањето на наставата, беше посочено дека, најдоцна до 10 септември, 2020 година, општините кои имаат услови за спроведување на настава со физичко присуство, освен за децата од 1 до 3 одделение, треба да поднесат барање до МОН. Потоа МОН, по добиено мислење од Комисијата за заразни болести, до средината на септември ќе ја информира општината дали барањето е одобрено или одбиено. Министерката рече дека во континуитет ќе се следи дали има промени во условите за безбедно одвивање на настават и во таа насока, вакви одобрувања може да се одземат или, пак, да се одобрат и во следниов период. Таа најави дека некои од локалните власти ќе бидат дополнително контактирани, со цел во периодот на една недела пред официјалниот старт на учебната година, во нивните училишта да се изврши тестирање за спроведувањето на наставата со физичко присуство и онлајн наставата. Во однос на барањето на ЗЕЛС за зголемување на блок дотациите за образование, министерската Царовска посочи дека секогаш се потребни дополнителни финансиски средства за квалитетно спроведување на целиот процесот на образование, а особено при спроведување на настава во кризни услови и дека за тоа е информирана и Владата на РСМ и Министерството за финансии. Таа не беше многу оптимистична за исполнување на ова барање на општините во овој период, но посочи дека доколку се успее и во вакви вонредни услови да се реализираат доволно добро наставните програми и доколку следи позитивна валидација на целокупниот процес, ќе се отвори голем простор за натамошно „притискање" за обезбедување на повеќе средства за спроведување на оваа надлежност од општините.

Gjithashtu u theksua se autoritetet lokale ballafaqohen me një periudhë të shkurtër kohore për të zbatuar rebalancin e buxhetit, si dhe për t'i zbatuar procedurat e furnizimeve publike për mjetet e dezinfektimit, transportin e fëmijëve, shërbimet e internetit, furnizimin e pajisjeve të IT-së dhe kështu me radhë. U theksua edhe gjendja me stafin e mësimdhënësve që përdorin masa qeveritare ose kanë ndonjë sëmundje; mungesa e kuadrove teknike për mirëmbajtjen e kushteve higjienike në shkolla dhe nevoja e rritjes së numrit të rojeve në shkolla. Sigurimi i transportit falas të nxënësve, gjithashtu do të shkaktojë një shpenzim shtesë të mjeteve për shkak të numrit të zvogëluar të nxënësve që do të voziten në një autobus, ndërsa puna në dy ndërrime do të shkaktojë një shpenzim më të madh të energjisë elektrike ose resurseve të tjera për ngrohje të mësonjëtoreve. Lidhur me mbajtjen e mësimit përmes internetit, u theksua se në kuadër të një komune nuk mund të sigurohet një internet cilësor dhe të sigurt, pastaj se pajisjet ekzistuese të IT-së në shumë shkolla duhet të ripërtëriten, por edhe të blihen pajisje të tjera shtesë; se duhet të sigurohen kompjuterë për shumë fëmijë të kategorive sociale që të mund ta ndjekin mësimin; se një pjesë e stafit të mësimdhënësve nuk gjendet më së miri në përdorimin e teknologjisë së IT-së dhe për këtë arsye ata kanë nevojë për trajnime shtesë, por edhe se nevojitet prania fizike e të paktën një personi të IT-së, i cili do t'i ndihmojë mësimdhënësit për zhvillimin e pandërprerë të mësimit përmes internetit. Disa nga kryetarët e komunave theksuan edhe masat për përdorim të kuzhinave shkollore, por edhe nevojën për prani të vazhdueshme të punëtorëve shëndetësorë të cilët do të kryenin një lloj inspektimi ose mbështetjeje të kuadrove mësimore ose teknike në zbatimin e protokolleve për mbrojtjen e shëndetit të fëmijëve.

# ПРИРАЧНИК И ПРОТОКОЛИ ЗА ПОУСПЕШНА КОМУНИКАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Во рамките на проектот на UN WOMEN „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно владеење во Република Северна Македонија" (2018-2022), финансиран од СИДА, изготвен е „Прирачник за комуникација на координатор(-к)ите за еднакви можности помеѓу мажите и жените во единиците на локалната самоуправа". Овој Прирачник е резултат на активностите на Работната група за родово одговорно буџетирање во ЗЕЛС, а е напишан од експертката за родова еднаквост, Марија Ристеска. Станува збор за документ што е од особено значење за државните службеници вработени во локалните самоуправи кои имаат решение да ја вршат улогата на координатор/-ка за еднакви можности во општината; за советниците кои се членови на Комисијата за еднакви можности, како и за сите вработени во општината. Во таа насока, Работната група за родова еднаквост, при ЗЕЛС (составена од координаторки за еднакви можности (КЕМ)) и експертската Ристеска, на 11 септември, 2020 година одржа онлајн средба на која беа утврдени завршните забелешки и предлози за Прирачникот. Во него се изнесени предусловите за успешна комуникација за унапредување на родовата еднаквост во општината. Утврдени се процесите на комуницирање на КЕМ со администрацијата, градоначалникот, советниците при подготовка на програмите и интеграцијата на родовата перспектива во нив; спроведување на обврските од Законот за еднакви можности, но и комуницирањето со граѓаните, со јавните установи и институции, невладини организации и медиумите. Во Прирачникот се содржани и протоколи за внатрешна комуникација во општината: Протокол за подготовка на програма/ Стратегија/ Буџет ; Протокол за организација на собир на граѓани /буџетски форум, како и за надворешна комуникација:Протоколи за комуникација со медиумите и Протокол за комуникација со НВО, бизнис, институции. Во рамките на Прирачникот посебно место е посветено на „Процедурата за примопредавање на функција на КЕМ ", што беше предложено на последните консултации со Работната група, кога беа предочени предизвиците со кои се соочуваат координаторите при преземањето на оваа работна обврска во општината. Целта е да се обезбедат пишани документи и информации за сите активности кои биле преземени во општината во оваа област кои ќе придонесат за непречен континуиран напредокот на општината на ова поле и напредок на самите координатори во спроведувањето на активности за родова еднаквост.




# DORACAK DHE PROTOKOLLE PËR KOMUNIKIM MË TË SUKSESSHËM TË PUSHTETIT LOKAL NË AVANCIMIN E BARAZISË GJINORE

Në kuadër të projektit të UN WOMEN ,,Promovim i politikave përgjegjëse për barazi gjinore, qeverisje inkluzive dhe përgjegjëse në Republikën e Maqedonisë së Veriut" (2018-2022), të financuar nga SIDA, është hartuar ,,Doracak për komunikim të koordinatorëve për mundësi të barabarta midis femrave dhe meshkujve në njësitë e vetëqeverisjes lokale". Doracaku në fjalë është rezultat i aktiviteteve të Punës në grupe për buxhetim përgjegjës për barazi gjinore në BNJVL është përpiluar nga ekspertët për barazi gjinore, Marija Risteska. Bëhet fjalë për dokumentin që është mjaft i rëndësishëm për nëpunësit shtetëror në vetëqeverisjen lokale të cilët kanë zgjidhje të kryejnë rolin e koordinatorit/es për mundësi të barabarta në komunë; për këshilltarët të cilët janë anëtarë të Komisionit për mundësi të barabarta, si dhe për të gjithë të punësuarit në komunë. Në këtë drejtim, Grupi punues për barazi gjinore në kuadër të BNJVL-së (të përbërë nga koordinatoret për mundësi të barabarta KMB dhe ekspertja Risteska, më 11 shtator, 2020, mbajti takim onlajn në të cilin u përcaktuan vërejtjet dhe rekomandimet përfundimtare për Doracakun. Në të u parashtruan parakushtet për komunikim të suksesshëm për avancimin e barazisë gjinore në komunat. U përcaktuan proceset e komunikimit të KMV me administratën, kryetarët e komunave, këshilltarët gjatë përgatitjes së programeve dhe integrimi i perspektivës gjinore në të njëjtat; zbatimi i obligimeve nga Ligji për mundësi të barabarta, por edhe komunikimi me qytetarët në institucionet publike, organizatat joqeveritare dhe mediat. Në Doracak janë përmbajtur edhe protokollet për komunikim të brendshëm në komunë: Protokoll për përgatitjen e programit/Strategji/Buxhet; Protokoll për organizimin e takimeve me qytetarët/forum buxhetor, si dhe për komunikim të jashtëm; me OJQ, institucionet e biznesit. Në kuadër të Doracakut vend i veçantë i është dedikuar ,,Procedurës për dorëzim të funksionit të KMB", që u propozua në konsultimin e ardhshëm me Grupin punues, kur u vërejtën sfidat me të cilat ballafaqohen koordinatorët gjatë ndërmarrjes së obligimeve për aktivitetet të cilët janë ndërmarrë në komunë në këtë lëmi të cilat do të kontribuojnë për avancim të papenguar të komunës në këtë lëmi dhe avancimi i vetë koordinatorëve në zbatimin e aktiviteteve për barazi gjinore.



# ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА КРЕИРАЊЕ НА НОВ ЗАКОН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ПРЕТСТАВЕНИ ПРЕД ЛОБИ ГРУПАТА НА ЗЕЛС ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Протокол за подготовка на програма или стратегија на општината за родова еднаквост; Протокол за организација на собир на граѓани (буџетски форум); Протокол за комуникација со медиуми; Протокол за комуникација со невладините организации, бизнис заедницата и други институции, како и Протоколот за примопредавање на функцијата Координатор за еднакви можности се документите што на работилницата одржана на 18 септември, 2020 година во Скопје, беа презентирани пред членовите на Лоби групата на ЗЕЛС за родова еднаквост на жените и мажите. Станува збор за осумнаесетчлена Лоби група, составена од градоначалнички и претседателки на совет, како и од одреден број на градоначалници, формирана со Одлука на дванаесеттата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржана на 6 ноември, 2019 година. Воспоставувањето на оваа Лоби група произлезе од активностите утврдени во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање", што ЗЕЛС го спроведува со поддршка на UN Women од минатата година и кој ќе се реализира до 2021 година. Целта на Лоби групата на ЗЕЛС за еднакви можности на жените и мажите е обезбедување на силно, хомогено тело кое ќе ги застапува интересите и политиките од оваа област на локалните власти пред централната власт. Во таа насока, на оваа работилница што ја организираше ЗЕЛС, покрај експертите, беше поканет и претставник од Министерството за труд и социјална политика, кој на присутните им ги претстави главните насоки што се планира да бидат вградени во предлог- концептот што МТСП го подготвува за изработка на нов Закон за родова еднаквост.

## Креирањето на локални политики на родовата еднаквост - фокус на поддршката на ЗЕЛС

-„ Зајакнувањето на капацитетите на Лоби групата за еднакви можности на жените и мажите претставува главен фокус на ЗЕЛС оваа година, при реализацијата на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање". Се гордееме што во целиот регион и пошироко сме единствена земја, каде локалните власти во рамките на својата заедница на општини утврдија тело, преку кое ќе бидат застапувани нивните политики во градењето на нови законски решенија и креирањето на родовата перспектива на локално ниво и, се разбира, и во утврдувањето на соодветни услови за нивно имплементирање". Ова го истакна Душица Перишиќ, извршен директор на ЗЕЛС, пред



# INICIATIVAT PËR KRIJIMIN E LIGJIT TË RI PËR BARAZI GJINORE, U PREZANTUAN PARA GRUPIT PËR LOBIM TË BNJVL-SË PËR BARAZI GJINORE MES FEMRAVE DHE MESHKUJVE

Protokolli për përgatitjen e programit dhe strategjisë së komunës për barazi gjinore; Protokolli për organizim të mbledhjes së qytetarëve (forum buxhetor); Protokolli për komunikim me mediat; Protokolli me organizatat joqeveritare, bashkësia e biznesit dhe institucionet tjera si dhe Protokoli për dorëzim të funksionit të Koordinatorit për mundësi të barabarta janë dokumente që bashkësia të mbajtur më 18 shtator, 2020, në Shkup u prezantuan para anëtarëve të Grupit për lobim të BNJVL-së për barazi gjinore të femrave dhe meshkujve. Bëhet fjalë për Grup lobimi tetë anëtarësh, të përbërë nga kryetaret e komunave dhe kryetaret e këshillit si dhe një numër i caktuar i kryetareve, formuan me Vendim në seancën e dymbëdhjetë të Bordit drejtues të BNJVL-së, të mbajtur më 6 nëntor, 2019. Vendosja e këtij Grupi lobimi rrodhi nga aktivitetet e përcaktuara në kuadër të projektit ,,Drejtë komunave përgjegjëse për barazi gjinore: përforcim i kapaciteteve komunale dhe politikave për barazi gjinore ", që BNJVL i zbatoi me përkrahjen e UN Women nga viti i kaluar dhe që i realizoi në vitin 2021. Qëllimi i Grupit për lobim të BNJVL-së për mundësi të barabarta të femrave dhe meshkujve është sigurimi më i fortë, homogjen para pushtetit qendror. Në këtë drejtim, në këtë punëtori që e organizoi BNJVL, krahas ekspertëve, u ftua edhe përfaqësuesi i Ministrisë për punë dhe politikë sociale, i cili të pranishmëve u'a prezantoi drejtimet që janë planifikuar të jenë të ndërtuara në propozim-konceptin që MPPS përgatit për hartimin e në Ligji të ri për barazi gjinore.

## Krijimi i politikave lokale lidhur me barazinë gjinore – fokus i përkrahjes së BNJVL-së

-„ Përforcimi i kapaciteteve të Grupit për lobim për mundësi të barabarta të femrave dhe meshkujve, paraqet fokus kryesor të BNJVL-së këtë vit, gjatë realizimit të Projektit ,,Drejt komunave përgjegjëse për barazi gjinore: përforcim i kapaciteteve komunale për politika për barazi gjinore dhe buxhetim përgjegjës për barazi gjinore". Jemi krenarë që në mbarë rajonin dhe më gjërë jemi vendi i vetëm, ku pushtetet lokale në kuadër të bashkësisë së saj të komunave, përcaktuan trup, përmes së cilit do të përfaqësohen politikat e tyre në ndërtimin e zgjidhjeve të reja ligjore dhe krijimin e perspektivave gjinore në nivel lokal dhe nënkuptohet edhe përcaktimi i kushteve adekuate për implementimin e



присутните на работилницата. Таа посочи дека ЗЕЛС, со поддршка на UN Women, изминатите шест години работеше на поддршка на координаторите за еднакви можности и на општинските советници, членови на Комисиите за еднакви можности; изработи Стратегија на ЗЕЛС за поддршка на општините за родова еднаквост, како и електронската платформа www.rob.zels.org.mk, преку која се пласираат и разменуваат сите документи и добри практики од оваа област. –„Веќе ги изработивме протоколите за комуникација што ќе им помогнат на координаторите, а пред сè на општината за поквалитетно имплементирање на законските обврски и градењето на родови политики и ни следи интензивно работење со членовите на Лоби групата, особено во услови кога се подготвува нов Закон за еднакви можности на жените и мажите", рече Перишиќ и додаде дека ЗЕЛС и натаму ќе ги детектира предизвиците со кои се соочуваат општините и интензивно ќе им помага во нивното надминување.

## Општинските координатори за родова еднаквост – значаен двигател на родовата перспектива во заедницата

Ангажираните експерти во проектот, посочија дека општинските координатори за родова еднаквост се препознаени како значаен двигател на родовата перспектива во заедницата и лица кои треба да ги детектираат трендовите на нееднаквост во општината и да иницираат креирање на соодветни политики. Иако сè поинтензивно се работи на јакнење на нивната позиција, мал е бројот на општините кои во систематизација имаат назначено вакви лица, или воопшто имаат определено лице, кое покрај другите надлежности ќе ги врши активности и од оваа област. Во рамките на проектот се прават напори да се зајакне нивната позиција, да им се даде поголема поддршка, а во таа насока е и изработката на Прирачникот за координација за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа, каде се ставени протоколите за внатрешна и надворешна комуникација, за изработка на значајни документи што претставуваат законска обврска на локалната власт, за улогата на координаторите и на Комисиите за еднакви можности и други прашања и политики во областа на родовата еднаквост на локално ниво. Беше посочено дека прирачникот и протоколите наскоро ќе бидат поставени на електронска платформата www.rob.zels.org.mk и испратени до сите општини.

## Нови 10 општини од јануари ќе добијат директна поддршка од UN Women

„Поддршката што ја даваме на ЗЕЛС и на општините дава мошне добри резултати. Работата на локално ниво е многу важна и тука всушност најмногу се забележуваат резултатите. Имаме општини кои изработуваат стратегии за родова еднаквост, во поголемиот дел од своите програми воведуваат родово буџетско

tyre". Këtë e theksoi Dushica Perishiq, drejtor ekzekutiv i BNJVL-së, para të pranishmëve në punëtori. Ajo përmendi se BNJVL, me përkrahjen e UN Women gjashtë vite punoi në përkrahjen e komunave për barazi gjinore, si dhe platforma elektronike www.rob.zels.org.mk, përmes së cilit plasohen dhe shkëmbejnë të gjitha dokumentet dhe praktikat e mire nga kjo lëmi. –„Tashmë i përpunuam protokollet për komunikim që do t'i ndihmojnë koordinatorëve, ndërsa para se gjitha komunës për një implementim më cilësor të obligimeve ligjore dhe ndërtimin e politikave për barazi gjinore dhe të punës intensive me anëtarët e Grupit të lobimit, veçanërisht në kushte kur përgatitet Ligji i ri për mundësi të barabarta", theksoi Perishiq dhe shtoi se BNJVL edhe mëtej do t'i detektojë sfidat me të cilat ballafaqohen komunat dhe në mënyrë intensive do t'u ndihmojë tejkalimi të tyre.

## Koordinatorët komunal për barazi gjinore – një faktor i rëndësishëm për perspektivën gjinore në bashkësi

Angazhimi i ekspertëve në Projekt, përmendën se koordinatorët komunalë për barazi gjinore identifikohen si një faktor i rëndësihëm për perspektivën gjinore në bashkësi dhe persona të cilët duhet t'i krijojnë politikat adekuate. Edhe pse në mënyrë më intensive punohet në përforcimin e pozitës së tyre, një numër i vogël i komunave të cilat janë sistematizim kanë persona të këtillë ose aspak nuk kanë caktuar person i cili krahas kompetencave tjera do të kryejë aktivitete edhe nga kjo lëmi. Në kuadër të Projektit bëhen përpjekje të përforcohet pozita e tyre, t'u jepet përkrahje më madhe ndërsa në këtë drejtim është hartuar edhe Doracaku për mundësi të barabarta të femrave dhe meshkujve në njësitë e vetëqeverisjes lokale, ku janë vendosur protokolle për komunikim të brendshëm dhe të jashtëm, lidhur me hartimin e dokumenteve që paraqesin obligim ligjor të pushtetit lokal, për rolin e koordinatorëve dhe të Komisioneve për mundësi të barabarta dhe çështje tjera si dhe politika në lëminë e barazisë gjinore në nivel lokal. Edhe Doracaku dhe protokollet së shpejti do të vendosen në formë elektronike në platformën www.rob.zels.org.mk dhe të dërguara deri te të gjitha komunat.

## 10 komuna të reja nga janari do të kenë përkrahje të drejtpërdrejt nga UN Women

„Përkrahjen që i'a japim BNJVL-së dhe komunave jep rezultate mjaft të mira. Puna në nivel lokal është shumë e rëndësishme dhe këtu në fakt më së shumti vërehen rezultatet. Kemi komuna të cilat hartojnë strategji për barazi gjinore, në pjesë të madhe programet e tyre vendosin planifikim buxhetor, por kemi edhe





планирање, но имаме и општини со помали резултати. Треба да се обезбеди еднаквост на локално ниво во имплементацијата на активностите и обврските за родова еднаквост.", истакна Ивона Пауновска Бишевац, претставник на UN Women во нашата земја. Таа посочи дека локалните власти покажаа голема флексибилност во услови на кризата со КОВИД -19, но сето она што било реализирано треба да се спроведува на еден поодржлив начин. –„ Досега дадовме директна поддршка на 21 општина, а од јануари 2021 година планираме да вклучиме нови 10 општини. Големиот број добри практики што се имплементираат ќе претставуваат пример и за сите останати општини во земјава и регионот. Имаме добра институционална рамка и сме пример во регионот, особено во делот на електронската платформа, но и со формирањето на Лоби групата на ЗЕЛС", нагласи Бишевац.

**Прашањето на родова еднаквост во многу општини ставено на маргините, велат од МТСП**

-За жал во многу општини е маргинализирано прашањето за родова еднаквост. Исто така, постои голема разноликост на преземање и спроведување на активности од оваа област, а сè се сведува на степенот на сензибилноста на градоначалникот за ова прашање. Оваа констатација произлезе од досегашните процени на МТСП за суштинските проблеми во имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите", истакна претставничката од ова министерство, Јована Тренчевска. Во таа насока, таа ги информираше присутните дека е формирана Работна група, во која ЗЕЛС има свој член, и која низ еден транспарентен процес ќе подготви нов Закон за родова еднаквост. Тренчевска истакна дека се планира да се зајакне улогата на општинските координатори и да се систематизира ова работно место. Координаторите ќе добијат значителни обврски, меѓу кои координирање на процесите, собирање на валидни податоци, изработка на анализи, креирање на иницијативи за утврдување на локални политики во оваа област и слично. Улогата и задачите на координаторите ќе бидат утврдени во посебна глава. Беше посочено дека една од главните новини претставува иницијативата за обезбедување на Секретаријат на еднакви можности, формиран во Владата на РСМ, во кој е планирано и воспоставување на Центар за обуки. Целта е да се постигне успешна имплементација на законските одредби поради што се планира и вклучување на инспекциските служби, односно инспекторите да добијат мандат да вршат надзор во оваа област. Во Собранието се планира јакнење на улогата на Комисијата за еднакви можности, која треба да обезбеди отворање на поголем број расправи и утврдување на препораки за подобрување на имплементацијата на Законот. Исто така, ќе се обезбеди и соодветно вклучување на Парламентарниот институт што би имал задача да ги „храни" пратениците со информации за отворање на многу прашања за еднакви можности. Планирани се измени во функционирањето на Интер-ресорската група, која се покажала како „гломазно тело", па затоа ќе и се даде повеќе експертска улога, како и можност за следење на работата на Секретаријатот. „Сите овие организациски и други промени, дополнети со обезбедувањето на законска обврска за задолжително креирање на родово одговорно буџетирање на институциите, во блиска иднина треба да обезбедат значително подобрување на состојбите со родовата еднаквост во нашата земја", рече Трпчевска. Притоа, таа нагласи дека квалитетното имплементирање на локално ниво е од суштинско значење, бидејќи таму сите предизвици на заедницата се највидливи, но видливи ќе бидат и сите позитивни резултати што треба да ги дадат овие промени.

komuna me rezultate më të vogla. Duhet të sigurohet barazi në nivel lokal në implementimin e aktiviteteve dhe obligimeve për barazi gjinore", theksoi Ivona Paunovska Bishevac, përfaqësues i UN Women në vendin tonë. Ajo përmendi se pushtetet lokale treguan fleksibilitet më të madh në kushtet e krizës me KOVID -19, por e gjithë ajo e realizuara duhet të zbatohet në një mënyrë më të qëndrueshme. –„ deri më tani u dhamë përkrahje direkte 21 komunave, ndërsa nga janari 2021 година planifikojmë të përfshijmë 10 komuna. Një pjesë e madhe e praktikave më të mira që implementohen do të paraqiten shembull edhe për të gjitha komunat tjera në vend dhe rajon. Kemi kornizë të mirë institucionale dhe jemi shembull në rajon, veçanërisht në pjesën e platformës elektronike, por edhe me formimin e Grupit të lobimit të BNJVL-së, përmendi Bishevac.

**Çështja e barazisë gjinore në shumë komuna është lënë në margjina, theksojnë nha MPPS**

-Për fat në shumë komuna është margjinalizuar çështja për barazi gjinore. Gjithashtu, ekziston lloj-llojshmëri e madhe në ndërmarrjen dhe zbatimin e aktiviteteve nga kjo lëmi, ndërsa vendoset në shkallën e sensibilizimit të kryetarit të komunës mbi këtë çështje. ky konstatim rrodhi nga vlerësimet e deritanishme për problemet thelbësore në implementimin e Ligjit për mundësi të barabarta të femrave dhe meshkujve, që e kryen MPPS, theksoi përfaqësuesja e Ministrisë, Jovana Trençevska. Në këtë drejtim, ajo i informoi të pranishmit se është formuar Grup punues, në të cilën BNJVL ka anëtarin e saj, dhe që ndërmjet një procesi transparent do të përgatisë Ligj të ri për barazi gjinore. Trençevska theksoi se planifikon të përforcojë rolin e koordinatorëve dhe të sistematizojë vend pune. Ato do të marrin obligime të rëndësishme, midis të cilave koordinimin e proceseve, mbledhjen e të dhënave valide, hartimi i analizave, krijimi i iniciativave për përcaktimin e politikave lokale në këtë lëmi etj. Roli dhe detyrat e koordinatorëve do të përcaktohen në një kapitull të veçantë. U përmend se një ndër risitë paraqet iniciativën për sigurimin e Sekretariatit për mundësi të barabarta, të formuar në Qeverinë e RMV, në të cilën është planifikuar edhe vendosja e Qendrës për trajnime. Qëllimi është të arritët implementim i suksesshëm i dispozitave ligjore për shkak se planifikohet edhe përfshirja e shërbimeve inspektive, respektivisht inspektorët të marrin mandat të kryejnë mbikëqyrje në këtë lëmi. Në Kuvend do të përforcohet roli i Komisionit për mundësi të barabarta, që duhet të sigurojë hapjen e shumë çështjeve për mundësi të barabarta. Planifikimi për ndryshime në funksionin e grupit ndërmjet resorik që është treguar si ,,trup i rëndësishëm" dhe prandaj do t'i jepet roli i ekspertëve si dhe mundësia për ndjekjen e punës së Sekretariatit. Të gjitha këto ndryshime organizative si dhe ndryshime tjera, të plotësuara me sigurimin e obligimit ligjor për krijim obligativ të buxhetimit përgjegjës për barazi gjinore të institucioneve, në të ardhmen e afërt të sigurojnë përmirësim të rëndësishëm të gjendjeve me barazinë gjinore në vendin tonë, theksoi Tërpçevska. Ajo theksoi se në një qasje të këtillë sistemore të punëve, mjaft e rëndësishme është implementimi cilësor në nivel lokal, ku në të vërtetë janë më të dukshme të gjitha sfidat në bashkësi, por edhe e të gjitha rezultatet pozitive që duhet ti japin këto ndryshime.

# „БЕЗБЕДНИ СЕМЕЈНИ ПАРКИНГ ЗОНИ“ I I „ZONA TË SIGURTA PËR PARKIM“

-„ Со реализацијата на проектот „Безбедни семејни паркинг зони“, насочен кон подобрување на безбедноста во сообраќајот, навлеговме во с'ржта на наједноставните, но неизмерно важни потребите на одредени категории на наши сограѓани. Всушност, тоа е и улогата на локалната власт, во соработка со своите граѓани да ги детектира нивните потреби и да направи напор истите да ги обезбеди. Во овој случај, тоа се потребите на бремените жени и семејствата со деца до тригодишна возраст за кои обезбедивме законски, но и реални услови за поставување на соодветни паркинг места наменети исклучиво само за нив“.

Ова го изјави претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на конференцијата што ја организираше АМСМ, на 28 септември, 2020 година, во Скопје, на која беа презентирани досегашните резултати од реализацијата на овој проект, што се реализира со ко-финансирање од страна на Меѓународната автомобилска асоцијација (ФИА), а во чија реализација беше вклучен и ЗЕЛС, за што пред околу 18 месеци беше потпишан и Меморандум за соработка. Пред присутните на овој настан се обратија и претставниците од другите учесници во проектот: министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски; министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски, домаќинот – генералниот секретар на АМСМ, Димитар Миновски; директорката на ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Викторија Јовановска и деканот на Факултетот за безбедност, Никола Дујовски.

Претседателот на ЗЕЛС, во своето обраќање посочи дека овие паркинг места се ставени на најповолните локации што им се потребни на овие граѓани и тоа пред здравствени установи, одредени центри за пазарење, како и пред јавни објекти кои првенствено се наменети за најмладите. Тој посочи дека е обезбеден и поголем простор за паркирање од вообичаениот, заради потребните манипулации на родителите или на трудниците. На крајот од своето обраќање, претседателот на ЗЕЛС апелираше до сите учесници во сообраќајот да имаат висока свест при паркирањето на своите возила, да не го загрозуваат сообраќајот и да ја почитуваат паркинг сигнализацијата, не само на лицата со посебни потреби, туку и на оваа група на граѓани.

Вакви зони, засега, се обезбедени во општините: Центар, Чаир и Велес (во станиците за технички преглед на АМСМ) како и дополнителни 27 паркинг места на 12 локации на

„Me realizimin e Projektit „Zona të sigurta për parkim për familjet“ të drejtuara ndaj përmirësimit në komunikacion, hymë në thelbin e përmirësimit të më të thjeshtëve, por nevojat mjaft të rëndësishme të kategorive të caktuara të bashkëqytetarëve tanë. Në të vërtetë ky është roli pushtetit lokal, në bashkëpunim me qytetarët e tyre t'i detektojnë nevojat e tyre dhe të bëjnë përpjekje që të njëjtët t'i sigurojnë. Në këtë rast, këto janë nevojat e femrave shtatzënë dhe familjet me fëmijë të moshës deri më tre vjet për të cilët siguruam kushte ligjore por edhe kushte reale për vendosjen e vend parkimeve adekuate enkas për to“.

Këtë e deklaroi kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, në konferencën e organizuar nga LAMM, më 28 shtator, 2020, në Shkup në të cilën u prezantuan rezultatet e deritanishme për realizimin e Projektit në fjalë, që u realizua me ko-financim nga ana e Asociacionit automobilistik ndërkombëtar (AAN), ndërsa në realizimin e së cilit u përshi edhe BNJVL, për ç'arsye prej rreth 18 muajsh u firmos edhe Memorandumi për bashkëpunim. Para të pranishmëve në këtë ngjarje u drejtuan edhe përfaqësues tjerë në Projekt: ministri për punë të brendshme, Oliver Spasovski; ministri për transport dhe lidhje, Bllagoj Boçvarski; nikoqiri – sekretari gjeneral i AMAS, Dimitar Minovski; drejtorsha e Klinikës Universitare për gjinekologji dhe akusheri, Viktoria Jovanovska dhe dekani i Fakultetit për siguri, Nikolla Dujovski.

Kryetari i BNJVL-së, në fjalimin e tij përmendi se këto vend parkime janë vendosur në lokacione më të volitshme që u nevojiten këtyre qytetarëve dhe atë para institucioneve shëndetësore, qendrave të caktuara për blerje, si dhe para objekteve të cilat fillimisht janë dedikuar për të rinjtë. Ai përmendi se është siguruar edhe hapësirë e madhe për parkim nga ai deri më tani, për shkak të manovrimit të prindërve ose të shtatzënave. Në fund të fjalimit të tij, kryetari i BNJVL-së apeloi te të gjithë pjesëmarrësit në komunikacion të kenë vetëdije të lartë gjatë parkimit me automjetet e tyre, të mos rrezikojnë komunikacionin dhe të respektojnë sinjalizimin e parkimit, jo vetëm të personave me nevoja të veçanta, por edhe të këtij grupi të qytetarëve

„Zonat më të sigurta për parkim“ të shtatzënave dhe për prindërit e fëmijëve deri në moshën trevjeçare, janë siguruar në komunat: Qendër, Çair dhe Veles (në stacionet e kontrollit teknik të LAMM) por, pothuaj se edhe në 12 zona për parkim të ndërmarrjes publike „Parkingu i qytetit- Shkup“, ku ka gjithsej 27 vend parkime të këtilla, me ç'rast asnjëherë nuk harrojmë edhe në rritjen e numrit të vend parkimeve të





ЈП „Градски паркинг - Скопје" во Скопје. Заинтересираност имаат и другите општини каде граѓаните се соочуваат со недостаток на паркинг места, како што се: Охрид, Велес, Битола, Тетово, Штип, Куманово. Беше посочено дека по примерот на европската регулатива и пракса, направени се измени на Правилникот за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација, и е воведена хоризонтална и вертикална сигнализација за обележување на ваквите безбедни семејни паркинг места.

## НОВИ 15 КАНДИДАТИ ОД ОПШТИНИТЕ СЕ СТЕКНАА СО ЛИЦЕНЦА ЗА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДРЖАВНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

ЗЕЛС, во соработка со Министерството за транспорт и врски (МТВ), отвори нов циклус на полагање на испитот за стекнување со лиценца за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште. Испитот се состои од два дела: теоретски и практичен и право на полагање имаат само кандидатите, претставници од единиците на локалната самоуправа кои имаат статус на административен службеник од редот на раководни и стручни административни службеници и кои претходно го имаат проследено теоретскиот дел од обуката. Испитот го полагаа кандидатите кои за прв пат се пријавија, но и оние кои не го положиле на претходната сесија. И двата дела од испитот беа реализирани во електронскиот испитен центар на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ. Теоретскиот дел беше спроведен на 29 септември, 2020 година, а практичниот дел на 8 октомври, 2020 година.

### Општините законски обврзани да управуваат со државното градежно, неизградено земјиште

Управувањето со градежното неизградено земјиште, од 1 мај, 2020 година е префрлено во исклучива надлежност на општините, во согласност со измените на Законот за градежно земјиште, објавени во „Службен весник на РСМ" број 275 од 27, декември 2019 година. Тоа значи дека сите општини треба да ги реализираат потребните законски услови за да се стекнат со правото да управуваат со државното градежно земјиште, меѓу кои е и обврската да имаат соодветен број на лиценцирани вработени



caktuara edhe për personat me nevoja të veçanta, theksoi Shilegov. Ai përmendi se interesim ka edhe në shumë komuna tjera, veçanërisht ku pjesëmarrësit në komunikacion ballafaqohen me problemin e njëjtë të mungesës së vend parkimeve dhe se në periudhën e ardhshme do të sigurohet edhe në komunat; Ohër, Veles, Manastir, Tetovë, Shtip, Kumanovë.. Janë kryer ndryshime të Rregullores për shenja të komunikacionit, pajisje dhe sinjalizim dhe është vendosur sinjalizimi horizontal dhe vertikal për sigurimin e vend parkimeve të këtilla.

## 15 KANDIDATË TË RI NGA KOMUNAT MORËN LIÇENCË PËR MBAJTJEN E PROCEDURËS PËR TJETËRSIM DHE DHËNIE ME QIRA TË TOKËS SHTETËRORE NDËRTIMORE

BNJVL në bashkëpunim me Ministrinë për transport dhe lidhje (MTL) hapi një cikël të ri për dhënien e provimit për marrjen e licencës lidhur me mbajtjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore shtetërore. Provimi përbëhet prej dy pjesëve: teorike dhe praktike dhe të drejtë të dhënie së provimit kanë kandidatët, të cilët paraprakisht kanë ndjekur pjesën teorike të trajnimit dhe të cilët janë përfaqësues nga njësitë e vetëqeverisjes lokale, me status të nëpunësit administrativ nga radhët e nëpunësve udhëheqës dhe profesional të administratës. Të dy pjesët e provimit u realizuan në qendrën elektronike të provimeve në kuadër të Fakultetit Juridik ,,Justiniani i parë" në kuadër të Universitetit ,,Shën Qirili dhe Metodi". Pjesa teorike u zbatua më 29 shtator, 2020, ndërsa pjesa praktike më 8 tetor, 2020.

### Komunat janë të obliguara me ligj të menaxhojnë me tokën e pandërtuar shtetërore

Menaxhimi me tokën e pandërtuar ndërtimore, nga 1 maji, 2020, është bartur në kompetencë të komunës, konform ndryshmeve të Ligjit për tokë ndërtimore (të shpallur në Gazetën zyrtare të RMV'' numër 275 nga 27, dhjetori 2019). Kjo do të thotë se komunat duhet t'i realizojnë kushtet ligjore të nevojshme për marrjen e të drejtës të menaxhojnë me tokën shtetërore ndërtimore, midis të cilave është edhe obligimi të kenë numër adekuat të të punësuarve të licencuar të cilët mbajnë



кои ќе ја водат постапката за отуѓување и давање под закуп на ова земјиште. Во таа насока, ЗЕЛС и МТВ ќе организира и втор циклус на полагање на испитот што е закажан за 26 октомври, 2020 година (теоретски дел) и на 2 ноември, 2020 година (практичен дел).

Полагањето се спроведува електронски, во временски период од еден час, и резултатите се објавуваат веднаш по полагањето. Теоретскиот дел се состои од педесетина прашања кои се однесуваат на постојната законска регулатива од областа на урбанизмот, градежното земјиште, постапките за експропријација, а 15% од прашањата се однесуваат и на користење на софтверската апликација www.gradezno-zemjiste.mk. Овој информациски систем го одржува, управува, користи и надградува ЗЕЛС и истовремено им дава континуирана поддршка на општините при неговото користење. Преку www.gradezno-zemjiste.mk се спроведуваат сите постапки за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште, по пат на јавно надавање и по пат на непосредна спогодба, утврдени во Законот за градежно земјиште. Во практичниот дел од испитот, кој исто така се реализира електронски, кандидатите работат на студија на случај.

procedurën për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës në fjalë. Në këtë drejtim BNJVL dhe MTL do të organizojë edhe cikël të dytë të dhënies së provimit që është caktuar për 26 tetor, 2020, (pjesa teorike) dhe më 02 nëntor, 2020 (pjesa praktike).

Provimi zbatohet në mënyrë elektronike, në periudhë kohore prej një ore, dhe rezultatet shpallen menjëherë pas provimit. Pjesa teorike përbëhet prej 50 pyetjesh cilat kanë të bëjnë me rregullativën ekzistuese ligjore nga lëmia e urbanizmit, tokës ndërtimore, procedurat për eksproprijim, ndërsa 15% nga pyetjet kanë të bëjnë edhe me shfrytëzimin e aplikacionit të softuerit www.gradezno-zemjiste.mk. Këtë sistem informatik, e udhëheq, menaxhon dhe shfrytëzon BNJVL dhe njëkohësisht i jep përkrahje të vazhdueshme komunave gjatë shfrytëzimit të tij. Përmes www.gradezno-zemjiste.mk zbatohen të gjitha procedurat për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore shtetërore, në mënyrë të mbidhënies publike dhe me marrëveshje të drejtpërdrejtë, të përcaktuar në ligjin për tokë ndërtimore. Në pjesën praktike të provimit, që gjithashtu realizohet në mënyrë elektronike, kandidatët punojnë në studimin e rastit.

## УСВОЕНИ МЕТОДОЛОГИИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОПШТИНИТЕ, ЗА ГРАДИНКИТЕ И ДОМОВИТЕ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините на петти октомври, 2020 година, преку користење на софтверска платформа, ја одржа триесет и седмата седница. Присутните позитивно се изјаснија за двете уредби за блок дотации кои се однесуваат на утврдување на средства за спроведување на надлежностите од областа на социјалната политика, што ќе бидат ставени на дневен ред на следната седница на Владата на РСМ. Станува збор за: Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2021 година и Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2021 година. Министерството за труд и социјална политика и на оваа седница, како и на минатата, немаше номинирано ново лице за член на Комисијата, поради што повторно изостана презентирањето на поопсежни податоци од направената анализа за ефектите што се предизвикани од промената на критериумите за распределбата на средствата во детските градинки, што беа направени за минатата година.

Под точка разно, претседателот на Комисијата, Аце Коцевски, (градоначалник на Општина Велес) предложи ова тело итно да одржи нова седница, а заклучоците од седницата, во вид на препораки, да бидат доставени до Владата на РСМ. -„Оценката на системот за финансирање на локалната власт и препораки за негово подобрување, претставува приоритетна задача на Комисијата, утврдена со актот на нејзиното основање. На општините им престои многу значаен период на утврдување на програми и креирање на предлог – буџет, па оттаму следи и неопходноста и итноста на ваков состанок", рече Коцевски. Беше договорено, седницата да се одржи на 6 октомври, 2020 година, во просториите на ЗЕЛС.

## JANË MIRATUAR METODOLOGJITË PËR SHPËRNDARJEN E MJETEVE TË BLLOK DOTACIONEVE PËR KOMUNAT, KOPSHTET E FËMIJËVE DHE SHTËPITË PËR PERSONA TË MOSHUAR

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të funksionimit të komunave më 5 tetor 2020, përmes përdorimit të një platforme softuerike, mbajti seancën e tridhjetë e shtatë. Të pranishmit u prononcuan pozitivisht për të dy dekretet për bllok dotacionet të cilat kanë të bëjnë me përcaktimin e mjeteve për zbatimin e kompetencave të sferës së politikës sociale të cilat do të vihen në rendin e ditës për seancën e ardhshme të Qeverisë së RMV-së. Bëhet fjalë për Dekretin për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve për institucionet publike të fëmijëve – kopshtet e fëmijëve dhe qendrat për zhvillimin e hershëm të fëmijëve në përbërje të kopshteve publike të fëmijëve nëpër komunat për vitin 2021 dhe Dekretin për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve për institucionet publike të mbrojtjes sociale – shtëpitë për personat e moshuar për vitin 2021. Ministria e Punës dhe Politikës Sociale edhe në këtë seancë sikurse në seancën e kaluar nuk kishte emëruar një person të ri për anëtar të komisionit dhe për këtë arsye përsëri nuk u mbajt prezantimi i të dhënave më gjithëpërfshirëse të analizës së bërë për efektet që janë shkaktuar me ndryshimin e kritereve për shpërndarjen e mjeteve në kopshtet e fëmijëve, të cilat u bënë për vitin e kaluar.

Nën pikën "Të ndryshme", kryetari i komisionit, Ace Kocevski (kryetar i Komunës së Velesit) propozoi që ky trup të mbajë urgjentisht një seancë të re, ndërsa përfundimet e seancës, në lloj të rekomandimeve të dërgohen në Qeverinë e RMV-së. – "Vlerësimi i sistemit të financimit të pushtetit lokal dhe rekomandimet për përmirësimin e tij, janë një detyrë me prioritet e komisionit që është përcaktuar me aktin e themelimit të tij. Komunat i pret një periudhë shumë e rëndësishme e përcaktimit të programeve dhe krijimit të propozim-buxhetit dhe prej këtu del edhe domosdoshmëria dhe urgjenca e një takimi të këtillë", tha Kocevski. U ra dakord që seanca të mbahet më 6 tetor 2020, në hapësirat e BNJVL-së.

## ЗАГРОЗЕНА ФИНАНСИСКАТА СТАБИЛНОСТ НА ОПШТИНИТЕ

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините на 6 октомври, 2020 година во просториите на ЗЕЛС ја одржа тресет и осмата седница, на која се отвори расправа за оценка на актуелните финансиски предизвици со кои се соочуваат општините, а особено за оние што произлегоа од кризата со вирусот КОВИД -19. На почетокот на седницата беа нагласени законските обврски на ова тело. Освен разгледувањето на критериумите и следењето на примената на распределбата на средствата за дотации, членовите на Комисијата имаат право, но и обврска да даваат препораки и да предлагаат мерки до централната власт, за подобрување на системот за финансирање на општините. Во таа насока, претседателот на Комисијата, градоначалникот на Општина Велес, Аце Коцевски, ги потсети присутните за постигнатиот степен на реализацијата на минатогодишните преговори со централната власт за унапредување на системот на локалната самоуправа. Тој потсети дека, еден од трите столба, (покрај пакетот на децентрализирани надлежности и реформите во организацијата на локалната самоуправа) е продлабочувањето на фискалната децентрализација.

### Забележан значителен пад на собраните средства од сопствените приходи

На седницата беше повикан и финансискиот експерт, Борче Треневски, ангажиран од УНДП за спроведување на анализи и извештаи за општините во рамките на Министерството за финансии. Тој изнесе низа податоци за движењето на приходите и расходите во општините во првиот и вториот квартал од оваа година, при што особено го нагласи влијанието предизвикано од состојбите со вирусот Ковид-19. Беше посочено дека во сите општини се забележува значителен пад на собраните средства од сопствените приходи, особено од данокот на имот. Во однос на расходите, позитивно е што општините покажале висок степен на прилагодување на ситуацијата со КОВИД и вршени се соодветни ребаланси на општинските буџетите. Во вакви ситуации, утврден е раст на фискалната зависност, поврзано со трансферите од централната власт. Исто така, беше посочено дека општините не добија речиси никаква поддршка за справување со кризата, односно дека во сите четири сета на државни мерки за справување со кризата, само една единствена мерка е насочена кон општините. Станува збор за мерка од четвртиот сет, каде е утврдено дека распределбата на средствата на општините, како досега, нема да се базира на собраните средства од претходната година, туку на просекот од претходните три години. Дополнителните трошоци за општините за преземање на превентивни мерки за сузбивање на вирусот и носењето на државни мерки за поддршка на населението и на стопанството, беа на товар на локалната власт и доведоа до исцрпување на и онака малите финансиски



## RREZIKOHET STABILITETI FINANCIAR I KOMUNAVE

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit për financim të komunave më 6 tetor, 2020, në hapësirat e BNJVL-së, mbajti seancën e tridhjetë e tetë, në të cilën u hap diskutim mbi vlerësimin e sfidave aktuale financiare me të cilat ballafaqohen komunat, ndërsa veçanërisht për atë që rrodhën edhe nga kriza me virusin KOVID -19. Në fillim të seancës u përmendën obligimet ligjore të trupit në fjalë. Përveç shqyrtimit të kritereve dhe ndjekjes së zbatimit të shpërndarjes së mjeteve për dotacione, anëtarët e Komisionet kanë të drejtë, por dhe obligim të japin rekomandime dhe të propozojnë masa në pushtetin për përmirësimin e financimit të komunave. Në këtë drejtim, kryetrari i Komisionit, kryetari i komunës së Velesit, Ace Kocevski, i përkujtoi të pranishmit për shkallën e arritur të realizimit në negociatat e vitit të kaluar me pushtetin qendror lidhur me avancimin e sistemit të vetëqeverisjes lokale. Ai përmendi se një ndër tre shtyllat (krahas paketës së kompetencave të decentralizuara dhe reformat në organizimin e vetëqeverisjes lokale) është thellësimi i decentralizimit fiskal.

### Është vërejtur rënie e dukshme e mjeteve të mbledhura nga të hyrat personale

Присутните говореа и за одредени актуелните состојби во областа на образованието, поврзани со компаниите што го вршат превозот на учениците, како и во делот на набавувањето на ИТ опрема за училиштата и за децата кои се од социјално загрозени семејства. Притоа, беше укажано и на упадите на Министерството за образование и наука во ингеренциите на локалната власт, преку давање на директни насоки на директорите и на наставниците на училиштата, без претходно информирање или консултации на локалната власт. Беше посочено дека МОН кон општините се однесува како кон негови подрачни единици, а не дека тие претставуваат посебна власт. Во таа насока беше заклучено на иницираната средба со Владата да се повика и министерката за образование и наука.

**УО усвои неколку иницијативи**

Управниот одбор усвои и неколку иницијативи пристигнати до ЗЕЛС. Првата иницијатива се однесуваше на барањето за интегрирање на Асоцијацијата на градови со архитектонско наследство, како посебна Комисија за архитектонско наследство во рамките на

përmirësim të sistemit të financimit të komunave. Në këtë drejtim u theksua se po përgatiten rekomandime adekuate, në përputhje me Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së, të cilat do të dërgohen për shqyrtim deri te anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së, e pastaj deri te Qeveria e RMV-së. U theksua veçanërisht nevoja për realizim të kërkesës së BNJVL-së për zhvillim të negociatave tremujore me ministritë adekuate për realizimin e dotacioneve të pushtetit qendror dhe zhvillim me kohë të negociatave buxhetore midis Qeverisë dhe BNJVL-së, sidomos në periudhën para përgatitjes së Buxhetit të vitit të ardhshëm. Bordi drejtues i BNJVL-së obligoi kryetarin e BNJVL-së, Petre Shillegov të sigurojë kushte për mbajtjen e takimit urgjent të punës midis anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së dhe Kryeministrit të Qeverisë së RMV-së me ministra të caktuar, në të cilin do të diskutohet për këto çështje, por edhe për nevojën për shqyrtim të mundësisë për sigurim të mbështetjes për komunat për shkak të operimit të tyre të vështirësuar financiar, të shkaktuar nga kriza me virusin COVID-19. Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së iniciuan edhe çështje të tjera të lidhura me gjendjen financiare të komunave. U theksua nevoja për krijim të kushteve që komunat të kenë një fleksibilitet më të lartë në krijimin dhe menaxhimin e buxhetit komunal. Gjithashtu u theksua edhe nevoja për një fleksibilitet më të madh nga ana e DHP-së në kushte të pandemisë, gjegjësisht u kërkua të iniciohet një iniciativë për DHP-në të miratojë një akt për anulim të të gjitha pagesave me forcë për komunat dhe institucionet publike që janë në pushtetin lokal.

**Është ndërmarrë iniciativë, limiti i marrjes së borxheve të komunave nga bankat vendase dhe të huaja të rritet ose të mos ekzistojë fare**

Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së obligoi shërbimin profesional të Bashkësisë të dërgojë kërkesë deri te Kryetari i Qeverisë së RMV-së të ndërmarrë iniciativë që limiti i marrjes së borxheve të komunave nga bankat vendase dhe të huaja të rritet ose të mos ekzistojë fare. Me Ligjin për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale përcaktohet se komunat mund të marrin borxhe jo më shumë se 30% nga të ardhurat e realizuara totale të buxhetit rrjedhës operativ në vitin e mëparshëm fiskal.

**MASH-i përzihet në kompetencat e pushtetit lokal – kërkohet takim me ministren**

Të pranishmit folën edhe për gjendjet e caktuara aktuale në sferën e arsimit, të lidhura me kompanitë që kryejnë transportin e nxënësve, si dhe në pjesën e furnizimit të pajisjes së TI-së për shkollat dhe për fëmijët që janë nga familjet e rrezikuara sociale. Gjithashtu u theksuan edhe përzierjet e Ministrisë së Arsimit dhe Shkencës në kompetencat e pushtetit lokal përmes dhënies së udhëzimeve të drejtpërdrejta për drejtorët dhe mësimdhënësit e shkollave, pa informuar ose konsultuar paraprakisht pushtetin lokal. U theksua se MASH-i sillet ndaj komunave sikurse ato janë njësi të saja rajonale, e jo se ato janë pushtet i veçantë. Në këtë drejtim u mori konkluzion që në takimin e iniciuar me Qeverinë të thirret edhe Ministrja e Arsimit dhe Shkencës.

**BD miratoi disa iniciativa**

Bordi drejtues miratoi disa iniciativa të arritura në BNJVL. Iniciativa e parë kishte të bëjë me kërkesën e integrimit të Asociacionit të qyteteve me trashëgimi arkitekturore, si Komision i veçantë për trashëgimi arkitekturore në kuadër të

Комисијата за култура при ЗЕЛС. Беше посочено дека на овој начин ќе се обезбедат можности за поголемо влијание на процесите на децентрализација во областа на културата и на реформите кои го засегаат културно наследство, но и во делот на финансирањето на активностите. Присутните беа информирани дека во соработка со Француската национална асоцијација Sites & Cites, а со поддршка на Министерството за Европа и надворешни работи на Република Франција, започнува реализација на Проект за зајакнување на капацитетите на општините во Република Северна Македонија и Република Албанија во областа на културното наследство. Управниот одбор на ЗЕЛС ја усвои и Декларацијата за прогласување на денот недела и деновите на државни и други празници за неработни. Оваа Декларација, иницирана од градоначалникот на Општина Велес, е донесена од Советот на оваа општина. Декларацијата е базирана на принципот на еднаквост, правичност и демократија, како и еднаков пристап на институциите до сите граѓани, со цел да се исправи неправдата и да им се овозможи на вработените во одделни компании во трговијата, угостителството, индустријата, градежништвото и други производствени и услужни гранки барем еден ден од викендот да го поминат и посветат на своето семејство и на личните потреби.

Беше усвоено и барањето за потпишување на Меморандум на соработка меѓу ЗЕЛС и Македонското кредитно биро со што би била покрената иницијатива за вклучување на сите единици на локална самоуправа во базата на податоци за обврските на правните и физички лица настанати по различни основи. За општините особено се важни податоците за обврските кои се однесуваат на комуналните давачки, такси, придонеси, како и обврски по основ на користење на други услуги. Полезноста од вклучувањето на општините ќе се рефлектира првенствено во зголемувањето на наплатата на побарувањата по основ на данок на имот и на комунални такси. Исто така, сето ова ќе има и едно пошироко општествено значење,односно преку одржување на ефикасна база на податоци од повеќе извори на податоци и корисници на податоци ќе се придонесе за зголемување на финансиската дисциплина во реализирањето на обврските, како и унапредување на амбиентот за водење на бизнис и инвестирање во земјава.

## Најавена донација за чипови за кучиња бездомници

На оваа седница беше предложена иницијативата, возилото на ЗЕЛС „Форд Мондео" да биде подарено на општина со помали финансиски капацитети и која редовно ја плаќа членарината кон ЗЕЛС. За продажбата на ова возило ЗЕЛС спроведе две јавни аукции, на кои не се пријави ниту еден кандидат. Управниот одбор донесе одлука возилото да се додели на Општина Ранковце.

Членовите на Управниот одбор ги усвоија и предложените измени во Планот за јавните набавки на ЗЕЛС, каде се воведува ставка за набавка на услуга за изработка на решение за нова веб- страница на ЗЕЛС.

На крајот од состанокот, претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, ги информираше присутните дека Агенцијата за храна и ветеринарство ќе додели донација за општините, што се состои во соодветен број на бесплатни чипови за кучиња бездомници. Донацијата ќе се реализира според распоред утврден од Агенцијата, врз основа на нивните извршени мерења за бројот на овие кучиња во општините и градот Скопје. Подетални информации ќе бидат изнесени следната недела кога ќе биде побарано во оваа акција да се вклучат и невладините организации посветени на прашања од оваа област.

Komisionit për kulturë në kuadër të BNJVL-së. U përmend se në këtë mënyrë do të sigurohen mundësi për ndikim më të madh të proceseve të decentralizimit në lëminë e trashëgimisë kulturore dje të reformave të cilat i tangojnë trashëgiminë kulturore, por edhe në pjesën e financimit të aktiviteteve. Të pranishmit u informuan se në bashkëpunim me Asociacionin nacional francez Sites & Cites, ndërsa me përkrahjen e Ministrisë për Evropë dhe punë të jashtme të Republikës së Francës, fillon realizimi i Projektit për përforcim të kapaciteteve të komunave në Republikëne Maqedonisë së Veriut dhe Republikën e Shqipërisë. Bordi drejtues i BNJVL miratoi edhe Deklaratën për shpalljen e ditës së diel dhe ditët e festave shtetërore për ditë jo pune. Kjo deklaratë iniciohet nga kryetari i komunës së Velesit dhe është miratuar nga Këshilli i kësaj komune. Deklarata është bazuar në parimin e barazisë, drejtësisë dhe demokracisë si dhe qasje e barabartë të institucioneve ndaj të gjithë qytetarëve, me qellim të rregullohet padrejtësia dhe t'u mundësohet të punësuarve në kompanitë e caktuara në tregti, hoteleri, industri, ndërtimtari dhe degë tjera të prodhimtarisë dhe hotelerisë, së paku një ditë të fundjavës ta kalojnë dhe dedikojnë për familjen e tyre dhe nevojave personale.

U miratua edhe kërkesa për nënshkrimin e Memorandumit për bashkëpunim midis BNJVL-së dhe Byrosë për kredi të Maqedonisë me ç'rast do të ngritej iniciativa për firmosjen e njësive të vetëqeverisjes lokale në bazë të të dhënave për obligimet e personave juridikë dhe fizikë të krijuara mbi baza të ndryshme. Për komunat veçanërisht janë të rëndësishme të dhënat për obligimet të cilat kanë të bëjnë me të dhënat komunale, taksat, kontributet, si dhe obligimet në bazë të shfrytëzimit të shërbimeve tjera. Dobia nga përfshirja e komunave do të reflektohet fillimisht në rritjen e arkëtimit të kërkesës në bazë të tatimit të pronës dhe të taksave komunale. Gjithashtu, e gjithë kjo do të ketë një rëndësi më të gjerë shoqërore, respektivisht përmes mbajtjes së bazës efikase të të dhënave nga më shumë burime të të dhënave dhe shfrytëzuesve të të dhënave do të kontribuohet në rritjen e disiplinës financiare në realizimin e obligimeve, si dhe avancimi ambientit për udhëheqjen e biznesit dhe investimit në vend.

## Lajmërim për donacion për çipat për qentë endacakë

Në këtë seancë u propozua iniciativa që automjeti i BNJVL-së „Ford Mondeo", t'i dhurohet komunës me kapacitete më të vogla financiare dhe e cila rregullisht paguan anëtarësimin ndaj BNJVL-së. Për shitjen e automjetit në fjalë BNJVL realizoi dy mbidhënie publike, në të cilat nuk janë paraqitur asnjë kandidat. Bordi drejtues miratoi vendim që automjeti t'i jepet komunës së Rankovcës.

Anëtarët e Bordit drejtues miratuan edhe ndryshimet e propozuara nga Plani për furnizime publike të BNJVL-së, ku vendoset pikë për furnizimin e shërbimit për hartimin e zgjidhjes për një ueb faqe të re të BNJVL-së.

Në fund të mbledhjes, kryetari i BNJVL-së Petre Shilegov i informoi të pranishmit se Agjensioni për ushqim dhe veterinë do të ndajë donacion për komunat që përbëhet praj një numri adekuat të çipave falas për qentë endacakë. Donacioni do të realizohet në bazë të orarit të përcaktuar nga Agjensioni, në bazë të matjeve të kryera të tyre lidhur me numrin e këtyre qenve në komunat dhe Qytetin e Shkupit. Informacione më detajuese do të parashtrohen javën e ardhshme kur do të kërkohet që në aksionin në fjalë do të përfshihen edhe organizatat joqeveritare të dedikuara ndaj çështjeve nga kjo lëmi.

## УЛОГАТА НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Во пресрет на меѓународната кампања „16 дена активизам против родово - базирано насилство врз жените", општинските координатор(-к)и за еднакви можности на 16 октомври, 2020 година во Скопје се состанаа и дискутираа за улогата на локалната самоуправа во превенцијата и заштитата на родово базирано насилство. На работилницата, што ја организираше ЗЕЛС, во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање", спроведуван со поддршка на UN Women, Скопје, беа презентирани и искуствата во воспоставувањето на Шелтер центар за жртви на семејно насилство во Општина Струмица.

Според глобалните процени на Светската здравствена организација (СЗО) за 2013 година, 35% од жените во светот имаат искусено физичко и/или сексуално интимно партнерско или непартнерско сексуално насилство во текот на нивниот живот. Во нашата земја, според истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во 2019 година, скоро половина (45%) од жените во земјава изјавиле дека доживеале психичко, физичко или сексуално насилство од интимен партнер од 15 годишна возраст. Само 2% од жените кои биле изложени на насилство од страна на сегашен партнер, го пријавиле случајот до надлежните органи.

### Општините вклучени во имплементирање на мерките од Истанбулската конвенција

За значењето на имплементација на „Истанбулска конвенција" во нашата земја и во единиците на локалната власт, говореше Благородна Шопова, советник за обуки при ЗЕЛС. Оваа Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и домашното насилство, е усвоена од Комитетот на министри во Советот на Европа на 7 април, 2011 година. Нашата земја беше меѓу првите земји што ја потпишаа конвенцијата, но таа беше ратификувана во декември 2017 година, а влезе во сила на први јули, 2018 година. Веднаш по ратификувањето државата усвои Национален акциски план за нејзино спроведување. Целта на документот е да се обезбеди дизајнирање, спроведување и координирање сеопфатна национална политика за превенција и елиминирање на насилството врз жените. Конвенцијата и Националниот акционен план утврдуваат мерки кои се наменети за локалните власти. Па така, општините треба да развиваат сеопфатни и координирани политики и да обезбедат буџетски средства за имплементација на програмите. Исто така, локалните власти, во соработка со националните институции или невладините организации, треба да спроведуваат кампањи за подигање на свеста кај населението за различните форми на насилство врз жени и превенција на насилството.

Во таа насока, од особена важност е воспоставувањето на координација на сите инволвирани страни во процесот на превенирање на насилството и заштита на жртви на родово базирано насилство. Општините треба да воспостават и финансиски да поддржуваат специјализирани услуги за жртви,

## ROLI I PUSHTETIT LOKAL NË PARANDALIMIN DHE MBROJTJEN E DHUNËS NË ASPEKT GJINOR

Në vigjilje të fushatës ndërkombëtare ,,16 ditë aktivizëm kundër dhunës gjinore mbi femrat" koordinatoret komunale, për mundësi të barabarta më 16 tetor, 2020, në Shkup mbajtën mbledhje dhe diskutuan mbi rolin e vetëqeverisjes lokale në parandalim dhe mbrojtje të dhunës gjinore. Në punëtori, që organizoi BNJVL, në kuadër të projektit ,,Drejt komunave përgjegjëse për barazi gjinore: përforcimi i kapaciteteve komunale për politika për barazi gjinore dhe buxhetimi përgjegjës për barazi gjinore" të zbatuar me përkrahjen e UN Women, Shkup, u prezantua edhe praktika e mirë e komunës së Strumicës

Në bazë të vlerësimeve globale të Organizatës botërore të shëndetësisë (OBSH) për vitin 2013, 35 % nga femrat në botë kanë përjetuar dhunë fizike/seksuale nga partneri ose ndonjë tjetër person, gjatë jetës së tyre. Në vendin tonë përmes hulumtimeve të zbatuara nga OSBE për dhunën mbi femrat, në vitin 2019, pothuaj se, gjysma (45%) e femrave në vend kanë raportuar se kanë përjetuar dhunë psiqike, fizike ose seksuale nga partneri intim prej moshës 15 vjeçare. Vetëm 2% të femrave të cilat janë eksponuar në dhunë nga ana e partnerit aktual, kanë paraqitur rastin te organet kompetente.

### Komunat e përfshira në implementimin e masave nga Konventa e Stambollit

Për rëndësinë e implementimit të Konventës së Stambollit në vendin tonë dhe njësitë e pushtetit lokal, diskutoi Bllagorodna Shopova, këshilltar për trajnime në kuadër të BNJVL-së. Kjo Konventë për parandalim dhe luftë kundër dhunës mbi femrat, duke përfshirë edhe dhunën në familje është miratuar nga Komiteti i ministrave në Këshillin e Evropës më 7 prill, 2011. Vendi jonë ishte midis vendeve të para që firmosën konventën në fjalë, por u ratifikua në dhjetor, 2017, ndërsa hyri në fuqi më 1 korrik, 2018. Menjëherë pas ratifikimit shteti miratoi Planin Aksional nacional për zbatimin e saj. Qëllimi i dokumentit është të sigurohet dizajnim, zbatim dhe koordinim të politikës gjithëpërfshirëse nacionale për parandalimin dhe eliminimin e dhunës mbi femrat. Konventa dhe Plani aksional nacional përcaktojnë masa të cilat janë dedikuar për pushtetet lokale. Prandaj komunat duhet të zhvillojnë politika gjithëpërfshirëse dhe të koordinuara për të siguruar mjete buxhetore për implementimin e programeve. Gjithashtu, pushtetet lokale në bashkëpunim me institucionet nacionale ose organizatat ndërkombëtare duhet të zbatojnë fushata për ngritjen e vetëdijes te popullata për format e ndryshme të dhunës mbi femrat dhe parandalimi i dhunës.

Roli i vetëqeverisjes lokale në parandalimin dhe mbrojtjen e dhunës gjinore mbi femrat është tejet i rëndësishëm. Në këtë drejtim mjaft e rëndësishme është vendosja e koordinimit të të gjitha palëve të involvuara në procesin e parandalimit të dhunës dhe mbrojtjen e viktimave nga dhuna gjinore. Komunat duhet të vendosin dhe në mënyrë financiare të përkrahin shërbime të

како засолништа за жртви на насилство (шелтер центри), советувалишта, телефонски линии за помош, бесплатна правна помош и друго. Беше посочено дека во овој период од исклучително значење е локалната самоуправа да воспоставува партнерства со државните институции, невладините организации, приватниот сектор и медиумите во спроведување на сите активности за спречување на насилството врз жените и семејното насилство.

### Недоволно координирано делување на институциите за превенција и заштита на жртвите на насилство врз жените и семејното насилство

Присутните координатор(-к)и ги изнесоа предизвиците со кои се соочуваат при имплементирањето на обврските од оваа област. Недостатокот на финансиски средства беше посочен како еден од аргументите за неможноста локалните власти посериозно да се посветат на прашањата за превенција и заштита на жртвите од семејно насилство. Сепак, како примарна причина тие го одвоија недоволното препознавање на сериозноста на проблемот на насилството врз жените и последиците, од страна на локалната власт. Притоа, беше нагласено дека за решавање на овие прашања координацијата меѓу локалната администрација, а уште повеќе и координацијата на локалната власт со институциите од централната власт, е на многу ниско ниво. Сепак, како позитивен аспект тие ја нагласија добрата соработката со невладините организации од оваа област.

### Во Општина Струмица отворен шелтер центар за жртви од семејно насилство

На работилницата беше изнесен и позитивен пример од Општина Струмица која минатата година по Јавен повик за поддршка на невладините организации отвори шелтер центар за жртви од семејно насилство. Општината обезбеди финансиска поддршка во висина од еден милион и двесте илјади денари од Буџетот на Општината, како и простор од 250 $м^2$. Со дополнителна поддршка од 38 општествено одговорни компании од Струмица, просторот е преадаптиран и опремен со мебел и санитарии за згрижување на 13 лица, жртви на насилство. По отворањето на шелтер центарот во Струмица, за само една година, во него прибежиште нашле 25 жртви на насилство.

За основањето и функционирањето на овој шелтер центар на Општина Струмица зборуваше Стоилка Митева од Здружението „Скај Плус", која го раководи шелтер центарот и со ентузијазам говореше за предизвиците со кои се соочувала низ целиот процес на негово воспоставување. Таа истакна дека, како новинар се почесто следела случаи на семејно насилство, при што утврдила дека доколку тие се охрабрат и го пријават насилството, немаат каде да бидат згрижени и оддалечени од насилникот. На почетокот била изненадена од недоволната ангажираност на институциите кои третираат вакви случаи, што ја поттикнало да направи документарен филм за искуствата на жртвите од семејното насилство во струмичкиот регион и нивните животни патешествија по пријавувањето на насилството. Фокусот на документарецот бил - „жртви на семејно насилство - жртви на системот". Според Истанбулската конвенција, на околу 50.000 жители потребно е да постои еден шелтер центар за овие лица, а во струмичкиот реон, каде има одредени показатели дека бројките на жртви од семејно насилство не се за занемарување, не постои ваков

specializuara për viktimat, si strehimore për viktimat e dhunës (qendrat shellter), këshillimet, linjat telefonike, ndihmë falas juridike etj. U përmend se në këtë periudhë mjaft e rëndësishme është që vetëqeverisja lokale të vendosja e partneritet me institucionet shtetërore, organizatat ndërkombëtare, sektori privat dhe mediat në zbatimin e të gjitha aktiviteteve për parandalimin e dhunës ndaj femrave dhe dhunës në familje.

### Të vepruarit e pamjaftueshëm të koordinuar të institucioneve për parandalim dhe mbrojtje të dhunës mbi femrat dhe dhunës në familje

Koordinatorët (et) e pranishëm parashtruan sfidat me të cilat ballafaqohen gjatë implementimit të obligimeve nga kjo lëmi. Mungesa e mjeteve financiare u përmend si një ndër argumentet për pamundësinë e pushteteve lokale t'i dedikohen çështjes për parandalim dhe mbrojtjen e viktimave nga dhuna. Megjithatë, si arsye primare ato e theksuan identifikimin e pamjaftueshëm të seriozitetit të problemit të dhunës mbi femrat dhe pasojat nga ana e pushtetit lokal dhe nevoja nga përkushtimi më serioz i çështjes për barazi gjinore dhe dhuna gjinore. Pastaj u përmend se pr zgjidhjen e këtyre çështjeve, koordinimi midis administratës lokale ndërsa edhe më shumë koordinimi i pushtetit lokal me institucionet e pushtetit qendror është shumë i ulët. Megjithatë, si aspekti pozitiv ata përmendën bashkëpunimin e mirë me organizatat joqeveritare nga kjo lëmi.

### Në komunën e Strumicës u hap shellter qendër për viktimat nga dhuna në familje

Në punëtori u përmend edhe shembulli pozitiv nga komuna e Strumicës që vitin e kaluar përmes Thirrjes publike për përkrahjen e organizatave joqeveritare siguroi hapësirë prej 250 м2 për hapjen e qendrës shellter për viktimat e dhunës në familje, si dhe përkrahja financiare në lartësi prej një milion e dyqind mijë denarë nga buxheti i komunës. Me përkrahje plotësuese prej 38 kompanive shoqërore përgjegjëse nga Strumica, hapësira e riadaptuar dhe e pajisur me mobile dhe sanitari për strehimin e 13 personave, viktima të dhunës në familje. Pas hapjes së shellter qendrës në Strumicë për vetëm një vit, në të strehim kanë gjetur 25 viktima të dhunës.

Pas themelimit dhe funksionimit të qendrës shellter të komunës së Strumicës, foli Stoillka Miteva nga Shoqata „Skaj Plus", që udhëheq qendrën shellter dhe me entuziazëm foli për sfidat me të cilat janë ballafaquar në mbarë procesin e vendosjes së tij. Ajo përmendi se, si gazetar gjithnjë e më shumë ka ndjekur raste të dhunës në familje, me ç'rast ka përcaktuar se përderisa ato inkurajohen t'a paraqesin dhunën, nuk kanë ku të strehohen dhe largohen nga dhunuesi. Në fillim ka qenë e befasuar nga angazhimi i pamjaftueshëm i institucioneve të cilat trajtojnë rasatet e këtilla që ka nxitur të bëhet edhe një film dokumentar për përvojat e viktimave nga dhuna në familje në rajonin e Strumicës dhe „aventurat jetësore" të tyre në denoncimin e dhunës. Fokusi i dokumentarit ishte „viktimat e sistemit". Në bazë të Konventës së Stambollit në rreth 50.000 banorë janë të nevojshme të ekzistojë nga një qendër shellter për personat në fjalë, ndërsa në rajonin e Strumicës, ku ka tregues të caktuar se numrat e viktimave nga dhuna në familje nuk merren parasysh, nuk ekziston një qendër e këtillë. Për fat nga rrëfimi i saj në strukturat e





центар. За среќа, нејзиното укажување на структурите во Општина Струмица, наишло на одобрување. Таа истакна голема благодарност и на сите компании кои веднаш се вклучиле да помогнат. – „Сакав овие жртви да добијат вистински дом, па дури од дома зедов лични предмети и ги носев таму за добивање на семејна атмосфера. И сега навистина имаат вистински дом, но сè уште не можеме да ги тргнеме сериозните бариери на кои тие наидуваат во институциите. Сметам дека со поддршка на локалната власт и оваа битка, наскоро ќе ја извојуваме", нагласи Стоилка Митева. Таа испрати порака до претставниците од локалната власт дека првенствено е неопходно зајакнување на координацијата и капацитетите на мулти-секторските тимови за заштита на жртвите на семејно насилство. Се очекува општината да даде свој придонес во насока на превенција на насилството врз жените и подобрена заштита на жртвите. Исто така, таа апелираше и за поголем слух од институциите за отворање на што поголем број на шелтер центри во земјава.

komunës së Strumicës, ka vërejtur përmirësim. Ajo përmendi një falënderim ndaj të gjitha kompanive të cilat menjëherë janë përfshirë të ndihmojnë. – „Dëshiroja që këto viktima të fitojnë shtëpi të vërtetë, pra edhe nga shtëpia morra gjëra personale dhe i dërgoja aty që të jap atmosferë familjare. Dhe tani me të vërtetë kanë shtëpi, por akoma mundemi t'i largojmë barrierat serioze në të cilat ballafaqohen ato në institucionet. "Unë mendoj se me mbështetjen e qeverisë lokale dhe këtë betejë, së shpejti do ta fitojmë" tha Stoilka Miteva. Ajo u dërgoi një mesazh zyrtarëve të qeverisë lokale se është kryesisht e nevojshme të forcohet koordinimi dhe kapaciteti i ekipeve multi-sektoriale për të mbrojtur viktimat e dhunës në familje. Komuna pritet të kontribuojë në parandalimin e dhunës ndaj grave dhe përmirësimin e mbrojtjes së viktimave. Ajo gjithashtu bëri thirrje për më shumë dëgjime nga institucionet për të hapur sa më shumë qendra strehimi në vend.

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА МРЕЖАТА НА ТППЕ ПРИ ЗЕЛС ДИСКУТИРАШЕ ЗА АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ПОЖАРНИКАРСТВОТО

Претседателството на Мрежата на територијални противпожарни единици (ТППЕ), на 16 октомври, 2020 година, во просториите на ЗЕЛС одржа состанок на кој беше разгледувана актуелната состојба со блок дотациите за пожарникарите, потоа барањето што до ЗЕЛС го достави Министерството за одбрана, како и Програмата за стручно усовршување на пожарникарите, подготвена од Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС).

Присутните беа информирани дека на седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март, 2020

## KRYESIA E RRJETIT TË NJTZF NË KUADËR TË BNJVL-SË DISKUTUAN MBI GJENDJET AKTUALE TË ZJARRFIKËSVE

Kryesia e Rrjetit të njësive territoriale zjarrfikëse (NJTZF), më 16 tetor, 2020, në hapësirat e BNJVL-së mbajti mbledhje në të cilën u shqyrtua gjendja aktuale me bllok dotacionet për zjarrfikësit, pastaj kërkesa që BNJVL e parashtroi në Ministrinë për mbrojtje, si dhe Programi për avancim profesional të zjarrfikësve, e përgatitur nga Drejtoria për mbrojte dhe shpëtim (DMSH) .

Të pranishmit u informuan se në seancën e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, të mbajtur më 10 mars, 2020, në bazë të konkluzionit nën pikën 23, Ministria për



година, според заклучокот под точка 23, Министерството за одбрана е задолжено да се изјасни во која насока ќе се движи со покачувањето на наменската дотација кон општините. Ова министерство се обрати до ЗЕЛС за мислење по овој документ.

Присутните беа информирани дека овие активности се во согласност со интензивните барања на ЗЕЛС, за разрешување и подобрување на состојбата на противпожарните единици во рамки на општините. Всушност, во претходниот период ЗЕЛС испрати писмо до Министерството за одбрана и до Владата на РСМ во кое се бара МО да изготви Уредба за пресметка на плати и од следната година да се почне со исплата на наменски дотации кои одговараат на реалниот број на вработени во противпожарните единици. Исто така беше побарано, во согласност со Законот за пожарникарство да се обезбеди соодветен број на пожарникари, што се утврдува според бројот на жители и таа операција да се одвива наредната година. Присутните заклучија дека е потребно да се донесе и Правилник, или Уредба, за пресметка на плати, според кој/-а општините ќе ја утврдуваат висината на платите на секој пожарникар. Беше побарано во него да се регулираат и условите за новите вработувања, но и пензионирањето на пожарникарите. Претседателот на Мрежата на ТППЕ при ЗЕЛС, Владимир Симоновски, говореше за сите предизвици со кои се соочуваат противпожарните служби, како во делот на кадровските решенија, така и во делот на материјалните недостатоци за функционално спроведување на оваа надлежност. Присутните дискутираа и за обуките на нови пожарникари и дописот испратен од Дирекцијата за заштита и спасување – ДЗС и нивната програма за стручно усовршување на пожарникарите. Дилеми беа отворени во делот на стручното оспособување на пожарникари, односно што се подразбира конкретно под тоа, кои се стручните компетенции на пожарникарите и дали ова е регулирано со член 11, став 14 од Законот за пожарникари. Беше заклучено дека треба да се почитува законската одредба за стручното оспособување на пожарникарите, а не тоа да се регулира со програма.

mbrojtje është e obliguar të mbledhë të dhëna nga komunat për numrin e zjarrfikësve dhe lartësia e pagave të tyre. Kjo ministri u drejtua në BNJVL të diskutojë mbi Kërkesën për anëtaret e saj, ndërsa e njëjta u dërgua për shqyrtim edhe te anëtarët e Rrjetit.

Të pranishmit u informuan se këto aktivitete janë konform kërkesës intensive të BNJVL-së, për ta distribuuar Kërkesën te anëtaret e saj, ndërsa gjithashtu u dërgua në shqyrtim edhe te anëtarët e rrjetit në fjalë dhe për zgjidhjen dhe përmirësimin e situatës së zjarrfikësve, ndërsa të cilat rrjedhin nga qëndrimet e Rrjetit të NJTZF në kuadër të BNJVL-së. Në të vërtetë, në periudhën paraprake BNJVL dërgoi letër në Ministrinë për mbrojtje dhe Qeverinë e RMV në të cilën kërkoi MM të hartojë Rregullore për kalkulimin e rogave edhe nga viti i ardhshëm 2021 të fillojë me pagesën e dotacioneve për dedikim të cilat i përgjigjen numrit real të të punësuarve në Njësitë zjarrfikëse. Gjithashtu u kërkua, konform Ligjit për zjarrfikës të sigurohet numër i zjarrfikësve që u përcaktua në kuadër sipas numrit të banorëve. Të pranishmit konkluduan se është e nevojshme të miratohet edhe Rregullore për kalkulimin e rrogave, sipas së cilës do të përcaktohet lartësia e rrogave të zjarrfikësve. U kërkua në të të rregullohen kushte për punësime të reja, por edhe pensionim të zjarrfikësve. Kryetari i Rjetit të NJTZF në kuadër të BNJVL-së, Vlladimir Simonovski, foli mbi të gjitha lidhur me sfidat me të cilat ballafaqohen shërbimet zjarrfikëse, si në pjesën e zgjedhjes së kuadrit, ashtu edhe në pjesën e mangësive materiale për zbatim funksional të kompetencës në fjalë. Të pranishmit diskutuan edhe për trajnimet e zjarrfikësve të ri dhe shkresën e dërguar nga Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim – DMSH dhe programi i tyre për avancim profesional të zjarrfikësve. Dilemat u hapën në pjesën e aftësimit të zjarrfikësve, respektivisht, çka nënkuptohet konkretisht nën këtë pikë, cilat janë kompetencat profesionale të zjarrfikësve dhe a është rregulluar kjo me nenin 11, paragrafi 14 nga Ligji për zjarrfikës. U konkludua se duhet të respektohet dispozita ligjore e zjarrfikësve, e jo të rregullohet me Program. Sipas mbledhjes së lartpërmendur është konkluduar se është e nevojshme të hartohet rregullore dhe miratimi i tij të propozohet te Bordi drejtues i BNJVL-së

## ПРОМОВИРАН ПОЧЕТОКОТ НА ПОВИКОТ ЗА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ „ЕУ ЗА ОПШТИНИТЕ“

## U PROMOVUA FILLIMI I THIRRJES PËR PROPOZIM-PROJEKTET „BE PËR KOMUNAT“

- „ Денес имаме убав повод кој означува уште еден чекор во унапредувањето на соработката меѓу нашата земја и земјите од Европската Унија. Чекор што претставува потврда за продолжување на поддршката на Република Северна Македонија во правец на достигнувањето на европските стандарди. Токму проектот што го промовираме денес директно е насочен кон локалната власт и укажува дека тие стандарди треба да ги имплементираме и во најситните пори на општественото живеење, односно да стигнат директно до секој граѓанин. Во таа насока, искуствата од европските региони и градови секогаш се добредојдени“.

Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, во присуство на Дејвид Гир, амбасадорот на Европската Унија;

- „Sot kemi një rast të mirë për shënim edhe të një hapi në avancimin e bashkëpunimit midis vendit tonë dhe vendeve të Bashkimit Evropian. Hapi paraqet vërtetim për vazhdimin e përkrahjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut në drejtim të arritjes së standardeve evropiane. Pikërisht projektin që promovojmë sot drejtpërdrejtë ka të bëjë me pushtetin lokal dhe tregon se këto standarde duhet t'i implementojnë edhe në elementet më të iméta të jetës shoqërore, respektivisht të arritjet drejtpërdrejtë te qytetarët. Në këtë drejtim, përvojat nga rajonet dhe qytetet evropiane çdoherë janë të mirëseardhura".

Këtë e theksoi Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, në praninë e Dejvid Gir, ambasadori i Bashkimit

Горан Милевски, министерот за локална самоуправа и голем број градоначалници и претставници од невладиниот сектор, на онлајн конференцијата на која официјално беше означен почетокот на повикот за предлог-проекти „ЕУ за општините". Средствата во висина од 5 милиони евра ги обезбедува Европската Унија, а дополнителните средства за кофинансирање на проектите се обезбедени од буџетот на државата и ќе се реализираат преку Министерство за локална самоуправа. Повикот ќе биде отворен до 30 декември, 2020 година, а имплементацијата на проектот ќе трае 3 години.

-„ Сигурен сум дека единиците на локалната самоуправа ќе го дадат својот максимум, ќе аплицираат за средства од проектот и во соработка со своите европски колеги ќе обезбедат иновативни решенија за подобрувањето на општинските услуги; подобрување на капацитетите на општинската администрација за управување со локални кризи; ќе понудат иновативни решенија за закрепнувањето на локалната економија од КОВИД кризата и ќе обезбедат поголемо користење на одржливи ресурси во заштита од климатските промени. Тоа се всушност и областите што ќе бидат поддржани со овој проект", посочи Шилегов. Притоа, тој додаде дека на нашите граѓани им е потребна и поддршка во обезбедување на европски стандарди со изградба на патишта, канализациони системи, пречистителни станици, депонирање на отпад и слично. Претседателот на ЗЕЛС говореше и за добрите практики од нашите општини кои ЗЕЛС ги сподели во некои соседни земји, но и за преземените активности на Заедницата за унапредување на системот на локалната власт. Тој во своето обраќање го нагласи и очекувањето од Европската Унија, дека нашата земја конечно ќе добие датум за отпочнување на преговорите за членство во ова европското семејство. На присутните им се орати и Дејвид Гир, амбасадорот на Европската Унија, кој истакна дека ова е дел од пошироката поддршка што Унијата во континуитет и ја дава на нашата земја, а која сега поконкретно е насочена кон локалните власти.

Министерот за локална самоуправа, Горан Милевски, посочи дека нашето членство во Европската Унија е највисок приоритет којшто ќе се реализира преку подобрување на условите за живеење на граѓаните во сите области и ги охрабри општините добро да се подготват и да конкурираат во што поголем број. Линк кон повикот: https://bit.ly/3kFlqAz

Evropian; Goran Milevski, ministri për vetëqeverisje lokale, në konferencën onlajn në të cilën zyrtarisht u shënua fillimi i ftesës për propozim projektet ,,BE për komunat". Mjetet në lartësi prej 5 milion euro i siguron Bashkimi Evropian ndërsa mjetet plotësuese për ko financim të projekteve janë siguruar nga buxhetet e shtetit dhe do të realizohen përmes Ministrisë për vetëqeverisje lokale. Thirrja do të jetë e hapur deri më 30 dhjetor, 2020, ndërsa implementimi i projektit do të vazhdojë 3 vite.

-„Jam i sigurt se njësitë e vetëqeverisjes lokale do të japin maksimumin, do të aplikojnë për mjetet nga Projekti dhe në bashkëpunim me kolegët e tyre të Evropës do të sigurojnë zgjidhje inovative për përmirësimin e gjendjes ekonomike lokale nga kriza me KOVID dhe do të sigurojnë shfrytëzim më të madh të resurseve të qëndrueshme në mbrojtjen nga ndryshimet klimatike. Këto në fakt janë edhe lëmenjtë që do të përkrahen me këtë projekt" përmendi Shilegov. Pastaj shtoi se qytetarëve tanë u duhet edhe përkrahje në sigurimin e standardeve evropiane me ndërtimin e rrugëve, sistemeve të kanalizimit, stacioneve për pastrim, deponimi i mbeturinave etj. Kryetari i BNJVL-së foli për praktikat e mira nga komunat tona të cilat BNJVL i ndau me disa vende fqinje, por edhe për aktivitetet fqinje, por edhe për aktivitet e ndërmarra të Bashkësisë lidhur me avancimin e sistemit të pushtetit lokal. Ai në fjalimin e tij theksoi edhe pritjen nga Bashkimi Evropian, se vendi jonë përfundimisht do të fitojë datë për fillimin e negociatave për anëtarësim në familjen evropiane. Të pranishmëve i'u drejtua edhe Dejvid Gir, ambasadori i Bashkimit Evropian i cili theksoi se kjo pjesë me përkrahje të gjërë që BE në vazhdimësi i'a jep vendit tonë, ndërsa tani më konkretisht është drejtuar ndaj pushteteve lokale.

Ministri për vetëqeverisje lokale, Goran Milevski përmendi se anëtarësimi jonë në BE është prioriteti më i lartë që do të realizohet përmes përmirësimit të kushteve për jetën e qytetarëve në të gjitha lëmenjtë dhe i inkurajoi komunat të përgatiten mirë dhe të krijojë shërbime të reja lokale. Linku për thirrjen: https://bit.ly/3kFIqAz







ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**
тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**
tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk